Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918
9 771857 891004

**Лазаревски**
За мерките на Владата во вонредна состојба



**Ивановиќ**
Вирусот најлошо им влијае на политичарите и на поповите



макс. дозволено 50 µg/m3
Куманово
80 µg/m3
PM 10
mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 4 | 9 |
| Охрид | 3 | 4 |
| Битола | 3 | 6 |
| Маврово | 0 | 1 |

**ПЕТОК 27 МАРТ 2020** | Број 1920 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

## Опозицијата не бира средства во очајничката борба за власт

# ВМРО-ДПМНЕ контра СДСМ, Владата, државата...

**Стратегија** Додека татковината се зачленува во НАТО, кога со ЕУ почнува пристапни преговори, кога државата се бори со коронавирусот, ВМРО-ДПМНЕ се затвори во белиот дворец и оттаму смислува деструктивни сценарија и шири лажни вести, реагира владејачката СДСМ.




## Трет починат пациент, мерките се заоструваат

● Министерот за здравство Венко Филипче апелираше граѓаните да не се лекуваат на своја рака, да не складираат домашни аптеки и да не им паѓа на памет терапијата што „оф лејбл“ се дава за некои пациенти со ковид-19 во Македонија, да ја користат како превенција.



**Образование на далечина**
Снајди се па учи!
страница 4



**Нова теорија**
Половина од Британците веќе го прележале коронавирусот?
страница 11

**Кредити**
Банките ќе ги известат корисниците какви поповолни услови нудат
страница 8

# Хроника

Ние овие 15 години имавме проблем да добиеме одлука за почеток на преговори за членство во Унијата. Одлуката значи политичка волја на 27 земји членки да ни дадат можност да влеземе во последната фаза од патот кон ЕУ кој ќе заврши со полноправно членство во Унијата. Оствaривме огромна победа - добивме нешто што не можевме да добиеме 15 години.

**Бујар Османи,** вицепремиер за европски прашања

**Кампања** Опозицијата во очајничка борба за власт

# ВМРО-ДПМНЕ контра СДСМ, Владата, државата...

**Стратегија** Додека татковината се зачленува во НАТО, кога со ЕУ почнува пристапни преговори, кога државата се бори со коронавирусот, ВМРО-ДПМНЕ се затвори во белиот дворец и оттаму смислува деструктивни сценарија и шири лажни вести, реагира владејачката СДСМ.



Во борбата против власта и, особено, против владејачката СДСМ, опозициската ВМРО-ДПМНЕ не престанува да ја злоупотребува актуелната криза со коронавирусот. Да спинува, да лиферува полувистини, да шири лажни вести и уште полажен патриотизам. Без разлика на сите испратени демантии и приложени аргументи од страна на нападнатите и на реакциите од поширокатa јавност.

Во последната реакција СДСМ обвини дека ВМРО-ДПМНЕ тера партиска кампања базирана на лажни вести и измислици додека државата се бори против коронавирусот. „Ниту шлаканицата што ја добија од ООН, кои јавно ги демантираа лажните вести на Александар Николовски и ВМРО-ДПМНЕ, не ги спречи да продолжат да се однесуваат неодговорно и да работат на штета на државата. Откако увидоа дека лагата со патувањe на министрите за одбрана и надворешни работи во време на пандемијата и затворен аеродром не им проаѓа, наместо да запрат, искористија други конструкции. ВМРО-ДПМНЕ треба да знае дека владата предводена од СДСМ сите трошоци на министрите јавно ги објавува, за разлика од нивната влада, која ги направи класифицирани. Време е да се покаже зрелост, лажните вести да прекинат, а институциите да се остават да делуваат во овој тежок период. Крајно време е и ВМРО-ДПМНЕ да се престрои на страната на граѓаните и да придонесе колку може, да помага, наместо да одмага", наведува СДСМ.

Овој демант уследи откако ВМРО-ДПМНЕ обвини дека „функционерите на СДСМ изеле и испиле над 3 милиони денари во време кога ни се случува најголемата здравствена и економска криза. Дополнително не се штедело ниту на трошоци на патувања во земјава и странство. Потрошени се 96.843 евра за патни трошоци, сместувања, хранарина и дневници".

Министерот за надворешни работи Никола Димитров категорично тврди дека ова е чиста лага. Вистината, според него, е дека тој лично во март нема ниту патување во странство, а последното патување на дипломат од МНР во странство е на 3 март. Оттука, МНР помеѓу 17 и 20 март за службени патувања има потрошено нула денари.

- Приказот од трезорот што го злоупотребуваат се однесува на претходно реализирани авиокарти на дипломати од МНР во износ помал од 1.500 евра (91.060 денари) и на редовна месечна дознака за патни трошоци на нашите амбасади низ светот, на сите 57 дипломатско-конзуларни претставништва на Северна Македонија во износ од приближно 22.000 евра (1.366.457 денари) односно нешто под 400 евра по ДКП. Овие обиди за саботажа, овие гнасни игри нема да дозволам да фрлат дамка врз работата на Министерството. За оваа пропаганда ќе покренам соодветни постапки - истакнува Димитров.

И додава: „минимум достоинство и човечки вредности ќе наложат воздржување од лаги барем додека трае оваа битка во која за жал, очигледно коронавирусот не е единствениот непријател на македонските граѓани и на државата".

И министерката за одбрана Радмила Шеќеринска постојано е принудена да одговара на обвинувања од ВМРО-ДПМНЕ за наводно трошење буџетски средства.

- Во моментите кога нашата држава брои заразени и починати од коронавирусот, ВМРО-ДПМНЕ од својата лабораторија за лажни вести пушта приказни за наводни големи трошења на министрите за одбрана и за надворешни работи, што се разбира не е случајно туку е смислена пропаганда со цел да се минимизираат двата капитални успеси на оваа влада и министрите во чии ресори се одвиваа активностите за зачленувањето на државата во НАТО и отворањето преговори со ЕУ – изјави Шекеринска.

СДСМ забележа дека ВМРО-ДПМНЕ не најде време, ниту виде потреба да му честита барем на народот за двете големи достигнувања – зачленувањето на татковината во НАТО и одлуката на ЕУ да ги почне пристапните преговори со земјава.

Од партијата вратија: „Дволичноста на СДСМ уште еднаш излезе на виделина. ВМРО-ДПМНЕ ја поздрави позитивната одлука на Советот на министри на ЕУ и се надева на што поскоро добивање на датум за прва меѓувладина конференција со земјите членки на ЕУ". Во повеќе од штурата „честитка" партијата нагласи што е, според неа, добрата вест во овој историски момент: „Добрата вест за граѓаните е што после следните парламентарни избори владата на ВМРО-ДПМНЕ успешно ќе ги спроведе преговорите и на брза лента ќе ја внесе државата во ЕУ".

Но, јавноста знае дека неодамна лидерот на партијата Христијан Мицкоски по објавувањето на позитивниот извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија изјави дека тоа била лажна вест и дека не се согласува со оцените на Брисел. Иако тој извештај и усвојувањето на Законот за јавно обвинителство ја отворија портата за ваквата одлука на ЕУ. Високи партиски функционери, повикувајќи се на сигурни извори, до последен момент тврдеа дека ЕУ нема да донесе никаква одлука во март.



**Овие обиди за саботажа, овие гнасни игри нема да дозволам да фрлат дамка врз работата на Министерството. За оваа пропаганда ќе покренам соодветни постапки**

**Никола Димитров, министер за надворешни работи**

**Влада.**

## Набавени 50 респиратори, проблематичен транспортот

• Вицепремиерот за европски прашања Бујар Османи информираше вчера дека од меѓународни донации веќе се обезбедени 50 респираторни машини, но државата се соочува со проблем при нивниот транспорт до Македонија.

- Досега се обезбедени 25 респиратори преку средствата на норвешката амбасада. Тие се во депо во Турција и се разгледуваат можностите за транспорт на респираторите до Македонија за Инфективната клиника. Обезбедени се и 30 респираторни машини од Кина, а се купуваат од средства од ЕУ. И за нив разговараме за детали како да се транспортираат во Скопје. Кина одговори позитивно за респираторите, но оти 100 земји бараат респиратори, тие ги немаат на лагер, но како се произведуваат тие ќе бидат достапни за нашите институции – рече вицепремиерот Бујар Османи.

Османи на прес-конференција информира и за другите мерки кои владата ги презема за обезбедување на странска помош за справување со Ковид-19.

**МНР.**

## Се организира враќање на македонски граѓани од Словенија и од Турција

• Министерството за надворешни работи соопшти дека во соработка со МНР на Република Словенија, словенечкиот Кризен штаб и словенечката полиција, вчера организираше враќање на 42 македонски граѓани во својата земја, со 16 автомобили, кои ќе бидат сместени во задолжителен карантин, согласно мерките за заштита од пандемијата.

Истовремено, во текот на вчерашниот ден е организиран и автобуски превоз за враќање на 27 македонски граѓани од Истанбул.

Министерството за надворешни работи упатува благодарност кон словенечките, хрватските, српските, турските и бугарските власти за непреченииот транзит и солидарноста, стои во соопштението.

## Црква.

### Агатангел ги повика верниците да доаѓаат во храмовите

• И покрај мерките за ограничување на собирите и за изолација на граѓаните, како превентива од зараза со коронавирусот, митрополитот Агатангел на страницата на Повардарска епархија објави послание во кое ги охрабрува верниците да доаѓаат во црквите и да ги примат свештениците во своите домови.

Тој информира дека, поради здравствени проблеми, не доаѓа во храмовите

„Безброј чудеса се забележани во житијата на светите, кога луѓе болни од тешки и неизлечиви и заразни болести биле причестувани, па болестите за кои немало лек, после причестувањето исчезнувале како со рака однесени. Немоќните кои се плашат да ги целиваат иконите или крстот, или се плашат да примат свештеник за водосвет во нивниот дом – да имаат повеќе вера и доверба", им порачува митрополитот.

Со негов благослов свештеници од Кавадарци, Неготино, Велес и Гевгелија, качени во отворени возила со света вода ги прскаа улиците и читаа молитви за да престане глобалната пандемија.

## МВР.

### Полицискиот час го прекршиле 37 лица, сите се приведени

• Во изминатото деноноќие, според евиденцијата на МВР, само едно лице не ја почитувало самоизолацијата, а 37 биле приведени поради непочитување на забраната за движење.

Во изминатите 24 часа на целата територијата на земјава на 368 лица им се издадени решенија за изолација, 82 потпишале изјави за самоизолација, а од страна на полициските служби извршени се контроли и е констатиран само еден случај на лице кое не ја почитувало самоизолацијата.

Од МВР информираат дека, полицијата, во соработка со другите институции во изминатото деноноќие извршила и контрола врз 222 угостителски и други објекти, и во три случаи за три објекти е констатирано непочитување на владините

**Епидемија** Расте бројката на заразени од коронавирус

# Трет починат пациент, мерките се заоструваат



**Министерот за здравство Венко Филипче апелираше граѓаните да не се лекуваат на своја рака, да не складираат домашни аптеки и да не им паѓа на памет терапијата што „оф лејбл" се дава за некои пациенти со ковид-19 во Македонија, да ја користат како превенција.**

**Мирослава Бурнс**

Трета жртва на ковид-19 во земјава е пациентката од Дебар, која беше во тешка состојба и почина на Клиниката за инфективни болести откако неколку денови се бореше со вирусот на респираторна машина. И нејзиниот сопруг е дијагностициран со ковид-19. Двајцата патувале во Италија и се вратиле во земјава на 6 март. Кривата на заразени со коронавирусот е во пораст, како што се очекуваше. Поради тоа владата со нова рестриктивна мерка, полициски час кој е продолжен за време на викендот, се обидува да ги задржи граѓаните во нивните домови и да го промовира избегнувањето социјални контакти како најдобра превенција од заразата.

Полицискиот час во сабота и недела ќе трае од 16 часот навечер до 5 часот наредниот ден. Останува на сила забраната за движење секој ден од 21 часот до 5 часот наутро, како и забраните за посебните возрасни групи, кои не треба да се надвор во исто време. Помладите од 18 години се најголеми преносители на вирусот, а повозрасните, пак, најчести жртви поради компликации од претходни коморбидитети. Затоа, постарите од 67 години смеат да се движат од 5 часот наутро до 11 часот наутро, а оние до 18 години во овој период треба да се дома.

Министерот за здравство Венко Филипче апелираше граѓаните да не се лекуваат на своја рака, да не складираат домашни аптеки и да не им падне напамет терапијата што „оф лејбл" се дава за некои пациенти со ковид-19 во Македонија, да ја користат како превенција.

- Апелирам и молам, граѓаните ова да не го прават. Дури и сите дијагностицирани пациенти со тешка и средна клиничка слика, не се погодни за оваа терапија. Ова е „оф лејбл" терапија, но се дава зашто во одредени земји покажа добри резултати. Кај група пациенти мора да се направат дополнителни кардиолошки испитувања, ЕКГ. Ако има неправилност, тогаш лекот не се дава. Да не помислат да земаат сами ваква терапија, а уште помалку да не помислат да им биде некаква превенција - рече Филипче.

Оваа терапија од завчера е дадена на двајца пациенти со ковид-19 во Македонија, откако претходно беше одобрена од Агенцијата за лекови МАЛМЕД. Се прави план и како да се дистрибуира терапијата за луѓе што се на домашно лекување, бидејќи единственото место каде што може да се прими е болница, а не во домашни услови.

- За ова веќе организираме систем на транспорт - додаде министерот.

Инкубацискиот период на вирусот е 14 дена, а потребни се два вакви периоди за тој да исчезне, односно да го снема на тротоарите и површините, а лицата што се заразени да се излекуваат. Но, многу е тешко да се предвиди кога ваквиот инкубациски период би почнал, практично е невозможно ова да се предвиди, поради тоа што во нашата земја ние уште сме во фаза на пораст на бројката на заразени – рече министерот.

- На некој начин е добро што во многу рана фаза се откриваат дел од пациентите, а тоа значи дека здравствениот систем може да ја амортизира бројката на пациенти. Доколку некое лице е носител на вирусот, а нема симптоми е добро, зашто се преземаат дополнителни мерки и може да се даде соодветна терапија - рече Филипче.

Здравствените власти апелираат сите граѓани примарно да користат телефон и електронска комуникација со здравствените установи, освен при неодложна потреба. Се апелира да се почитуваат стручните препораки од матичните лекари.

## Нови 24 заразени, вкупно 201, тројца излечени

• Нови 24 случаи на коронавирус вчера беа регистрирани во земјата. Во Скопје 15, Куманово 4, Дебар 2, Охрид 1, Штип 1, Тетово 1. Со ова вкупната бројка на дијагностицирани пациенти со ковид-19 вчера до 12.00 часот изнесуваше 201 лица. Според местото на живеење, досега случаи на ковид-19 се регистрирани во Скопје (123), Дебар (43) од кои 2 починати, Куманово (15) од кои 1 починат, Штип (8), Велес (3), Охрид (3), Кавадарци (2), Прилеп (2), Гостивар (1), Тетово (1).

Од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби се испишани 2 пациенти кои на два контролни теста на ковид-19 имале негативен резултат. Пациентите се во добра здравствена состојба и се пуштени на домашно лекување. Со ова во земјата досега има 3 излекувани пациенти и 3 починати, информира Министерството за здравство.

## Четиринаесет здравствени работници имаат ковид-19

• Пациенти со ковид-19 има во Скопје, Куманово, Дебар, Прилеп, Велес, Штип, Охрид и Кавадарци и еден во Гостивар. Триесет лица што биле во контакт со ексдиректорката на Клиниката за кожни болести се тестирани, а од нив петмина имаат коронавирус. Овие луѓе немале симптоми, но сепак имале позитивни резултати. Тие ќе останат во домашна изолација. Четиринаесет здравствени работници имаат ковид-19.

Вообичаените симптоми и знаци на инфекција се температура, треска, кашлица и тешкотии во дишењето. Кај потешките случаи инфекцијата може да предизвика пневмонија, тежок акутен респираторен синдром, откажување на бубрезите, па дури и смрт. Според категоризацијата на ризикот од СЗО, се проценува дека Дебар и Скопје се во фаза 4 што значи дека има широкораспространета трансмисија во заедницата.



**Образование во вонредна состојба.**



# Снајди се па учи!

**Проблеми** Учењето на далечина за дел од семејствата е голем проблем затоа што има примери кога двајцата родители сè уште одат на работа и немаат време да учат со децата, а има и многудетни семејства со еден компјутер во домаќинството, па стресот и нервозите им се секојдневие.

**Соња Христовска Угриновска**

Секој се снаоѓа како што знае и умее - таква е моментно состојбата во сите семејства каде што има ученици што веќе 15 дена седат дома поради епидемијата со коронавирусот и практикуваат учење на далечина. Приказните се разновидни, а комбинациите бескрајни, затоа што дел од училиштата и наставниците добро се снајдоа и брзо ги организираа предавањата и задачите, но има и примери во кои родителите се оставени сами на себе.

Во некои семејства со поголеми ученици родителите сè уште одат на работа и немаат многу контрола колку и што учат нивните деца, а има и повеќедетни семејства каде што физички е невозможно секое дете да ја следи наставата преку компјутер или мобилен телефон. И самата технологија е проблем, затоа во многу семејства немаат компјутери туку само мобилни телефони и се случува да не можат да ги отвораат документите што ги испраќаат наставниците.

Во игра се сите начини на комуникација на кои можеле да се сетат наставниците, учениците и родителите. Тие комуницираат во групи на Вибер, Месинџер или други апликации, одржуваат видеоконференции преку Скајп, учениците ги фотографираат изработените задачи и ги испраќаат на имејл итн. Од вчера на сите им е на располагање и веб-страницата www.eduino.gov.mk што ја изработи Министерството за образование, на која се поставени 15-минутни видеопредавања што се снимени од наставниците за сите задолжителни предмети.

- Програмата воопшто не е скратена и наставниците постојано ни испраќаат материјали за учење. По цел ден учиме и пишуваме домашни задачи. И покрај големиот труд што го вложуваме, успеваме да поминеме до околу 90 отсто од зададениот материјал. Учењето на далечина тешко ни падна на сите - вели една самохрана мајка на четири деца, ученици во основно образование.

Таа и самата е наставничка по англиски јазик и вели дека поради тоа не ѝ е толку тешко да им предава и на сопствените деца, а олеснување ѝ е и што поради вирусот не оди на работа.

**Од вчера на сите им е на располагање и веб-страницата www.eduino.gov.mk што ја изработи Министерството за образование, на која се поставени 15-минутни видеопредавања што се снимени од наставниците за сите задолжителни предмети.**

- Образовната програма на МТВ не ни беше многу од корист затоа што наставниците предаваа на здодевен класичен начин и воопшто не го задржаа вниманието на моите деца. Одредени предмети се голем проблем, на пример лекциите по информатика ни е тешко да ги совладаме дома и тоа создава големи нервози и фрустрации. Слично е и со лекциите по математика, затоа што не е секој математичар за да може дома да им објаснува да децата од повисоките одделенија и јас се консултирам со колешки по математика. Тешко е и со лекциите по германски јазик, кој слабо го познавам и не можам да го исправам детето ако греши - вели оваа мајка.

Таа ни раскажа и пример како се снашла нејзина колешка, наставничка на второодделенци, која преку апликацијата „Зум“ секој ден во одредено време им одржува предавања на децата. Сите истовремено се приклучени и ја следат наставничката, а предавањата се снимени во апликацијата и можат повторно да се гледаат. Друга мајка, која оди на работа и тоа во смена од 12 часа, е револтирана од целата ситуација затоа што, иако сака да му помогне на своето дете во учењето на далечина, едноставно нема време.

- Многу ми е тешко. Моите деца се седмо и деветто одделение. Немаме добар компјутер, децата се снаоѓаат со телефони, но јас голем дел од времето не сум дома и не можам да им помагам во наставата. И секако, не ни знам да им помогнам по секој предмет. Се враќам дома преморена, а работи и сопругот. Како да им помогнам? Треба да ги фотографираат домашните задачи и да ги испраќаат по имејл, а ние во моментов тоа не можеме да го правиме поради застарените уреди што ги имаме дома - вели таа.

Има ситуации и кога родителите поради вирусот овој период работат од дома, па и тие се жалат дека немаат доволно време.

- Што поскоро да правиме во денот? Имаме три деца основци, а двајцата родители сега работиме од дома. Тоа значи дека компјутерот во најголем дел од денот е зафатен за нашите потреби и децата не можат да дојдат на ред. Добро е што наставничките еднаш неделно на сајтот на училиштето прикачуваат материјали по секој предмет за целата недела, па им ги принтаме задачите и наставните листови дома. Еднаш неделно треба да ги испраќаме сработените домашни на имејл. Се снаоѓаме, но ваквиот начин на учење од дома е некако прикрпен и неосмислен. Ова треба да е лекција и за надлежните од Министерството за образование да почнат да прават повеќе алатки за учење од далечина - вели таа.

Родителите велат дека засега немаат насоки како ќе се врши тестирањето и оценувањето, а не е јасно и кога ќе бидат уписите за следната учебна година и полагањата на матурските и приемните испити.

## Некои родители конечно се заинтересираа што учат нивните деца

• Една мајка, пак, ни раскажа дека нема особени проблеми, затоа што училиштата на нејзините деца добро се организирале.

- Син ми е осмоодделенец и слуша предавања на апликација преку видеоконференциска врска на која се прикачуваат наставници по неколку предмети. По другите предмети не добиваат материјали за учење, туку изработуваат проекти дома. Ќерка ми е матурантка и сега најмногу се интересира за тоа дали и како ќе полагаат матура. Јас мислам дека за дел од проблемот придонесуваат и некои родители, кои не си ги познаваат доволно децата, кои пред оваа ситуација воопшто не се интересираа за тоа што учат тие на училиште, а сега се затекнати и не знаат да се снајдат - вели оваа мајка.

**Министерот за образование Арбер Адеми најавува.**

# Државната матура може да се спроведе и во јули

Роковите за полагање на државната матура може да ги поместиме во јули наместо во јуни. Тоа е предлог на Државниот испитен центар, но засега не сум одлучил да правиме измени и дополнување во календарот зашто не знаеме колку ќе трае оваа состојба. Во зависност од околностите, ќе преземеме чекори - изјави вчера за Канал 5 министерот за образование и наука Арбер Адеми.

- Во нормални, редовни околности, требаше да се организира во јуни, но тие рокови не може да ги поместиме во јули. Дај боже час поскоро да заврши оваа состојба со која се соочуваме сега, но нема простор за загриженост зашто ние можеме да направиме измена и дополнување на калнедарот на организирање на учебната година за сите јавни средни училишта.



Така ќе се дефинира и кристализира датумот за државната матура. Ако не во јуни, ќе биде во јули. Веќе имам таков конкретен предлог од Државниот испитен центар - рече Адеми.

Тој нагласи дека нема простор за загриженост ниту за уписите на факултет, за кои услов е положената државна матура, затоа што и ако се организира испитот во јули, матурантите ќе ги стигнат редовните рокови за запишување на високообразовните установи на крајот на август и на почетокот на септември кога, исто така, има уште два (втор и трет) уписен рок.

Според Адеми, нема простор за паника ниту за уписите во средното образование. Ќе се почитува законскиот рок (31 март) за објавување на Конкурсот, но самите уписи, според роковите, се реализираат на крајот на јуни, а ако има потреба тие може и дополнително да се коригираат.

Сакам, во двојка, нека биде и на растојание од 2 метра, така да ги видам и Заев и Мицкоски. Не сакам едни мерки да предлага Заев, а други контрамерки Мицкоски. Не сакам да помислам дека мерките на едниот се штетни, во однос на мерките на другиот, но сакам ЕДИНСТВЕНИ МЕРКИ!

Веле Митаноски

# Трибина

ТОП TWEET



**Иво Антов**
Гледам на кафе на вибер!



**Петар Ренџов**
Електричарот: Подобро изолација, отколку заземјување.



**Тања Аждаја**
Ги гледаш нививе? Ова порано сè беше дискотеки и кафулиња!



**Ilче Затаракоски**
Ако продолжи состојбава до Велгиден, Џокси ќе мора да се заљуби сам во себе.

**Избор колумни.**

# Никој нема да се спаси, додека сите не се спасиме



**Сашо Ордановски**
Цивил медија

Ако ме држи добро памтењето - а попушта драматично последниве години! - Аристотел природата на пријателствата ја делеше на неколку различни видови, како оние кои се потпираат врз уживање или врз некаква потреба (утилитарни), но за оние кои се втемелени врз чистата доблест (пријателства заради пријателствување, без никаков друг интерес) велеше дека се „над законот“. Односно, дека само на вистинските пријатели, оние што заемно си ги препознаваат моралните добрини, закон не им е потребен за да си ги уредат меѓусебните односи. Нешто како „зборот е збор“, и тоа важи меѓу доблесни пријатели повеќе отколку да е потпишано на хартија.

Пријателите немаат потреба од правда, а на справедливите сè уште им требаат пријатели - велеше Аристотел (велам, по памтење).

Законот, всушност, и е измислен за да го уреди „просторот“ - огромниот „простор“ - во односите меѓу луѓето каде не владеат пријателства. Бидејќи пријателствата, сами по себе, се негуваат за да се шири добро; другото е во доменот на законот кој во секоја различна култура го нормира, инаку, апстрактниот концепт за „правда“. Деликатна е таа граница.

Се извинувам за ова мало „тегавење“, ама се обидувам „од околу“ да стигнам до следнава поента: кризите, поединечните или колективните, го вадат најдоброто и најлошото од луѓето. Бидејќи во кризи емоцијата на стравот го „надвишува“ рациото - можеби дури, ако ја тенчиме докрај по Аристотел - и меѓу „вистинските пријатели“. „Прво жени и деца“ за многумина беше тенката граница меѓу животот и смртта во паниката на „Титаник“, пропис што го нема во законите, но го има во моралните општествени норми. Бидејќи само тие што ќе преживеат - што би рекол (а не рекол) Хобс во неговиот концепт на „војна на секој против секого“ - ќе можат да раскажуваат.

Во целата оваа корона-криза, полека, но сигурно, и македонското општество, како и многу други подобро организирани и поефикасно нормирани општества во светот, се приближуваат до состојбата стравот да ни го надвладее рациото во односот кон другите луѓе. Како што дневно растат лошите вести (а кај нас, за жал, не сме ни блиску до врвот на таа вишна „планина“), така многу луѓе стануваат сè понервозни и понетрпеливи: на пример, на оние кои се заразиле, особено на хистеријата на Фејсбук каде се суди „по куса постапка“, се гледа како на „морални отпадници“ виновни за понатамошно ширење на епидемијата, небаре тие доброволно или со зла намера го „закачиле“ вирусот; или, на постарите соградени се гледа како на „однапред осудени“ да бидат „потрошени“ во трагичната статистика на смртноста од вирусов; а само е прашање на ден кога ќе го извадиме најлошото од нас, доколку некое малцинство, кое и да е тоа, можеби ќе ја има таа несреќа да биде посебно погодено од ширењето на вирусов - памтите, тоа го преживеаја „педерите“ во првите години од ширењето на сидата...

> Во целата оваа корона-криза, полека, но сигурно, и македонското општество, како и многу други подобро организирани и поефикасно нормирани општества во светот, се приближуваат до состојбата стравот да ни го надвладее рациото во односот кон другите луѓе.

Затоа е обврската на власта - и на масовните медиуми, молам! - многу голема, во неопходноста од „ширењето“ на потребата за општата внимателност со вирусов, не сакајќи да не подлегнеме на „ширењето“ на стравот што оди заедно со него.

Мерката мора да се задржи, за од деликатните морални мудрувања на Аристотел сосема да не се изгубиме, „како гуски во магла“, во општествените теории на Хобс.

Ова е момент кога треба повеќе, а не помалку да се грижиме едни за други.



**Слободен удар.**



↓ Срѓан Ивановиќ

# Вирусот најлошо им влијае на политичарите и на поповите

Кога сте болни, одите на лекар. Најчесто на матичен, а предвид доаѓа и внучето на сосетката, кое од мало дете го знаете, а сега, личен тој, е трета година на медицина, сè од десетки. Кога сте многу болни, тогаш се обраќате на лекар- специјалист, а кога во светот владее пандемија од заразна болест, тогаш ги следите упатствата пропишани од епидемиолозите. Сите други личности се небитни.

Но, тогаш настапува проблемот, бидејќи небитните вообичаено се навикнати да го окупираат вашето внимание. Се разбира дека мислам на политичарите, кои и да сакаат, не можат да ја скријат зависта што во моментов ја чувствуваат кон лекарите. Никој нив не ги прашува за совет, за лек, за постапка при правилно држење хигиена. Во овие моменти, кога целиот свет е заразен од коронавирусот, мислењето на политичарите е небитно. Затоа по цел ден следиме прес-конференции на небитните, на кои се предлагаат најмалку по две „спасоносни“ решенија за спас на економијата, чија употребна важност е до наредниот прес. Еден лидер на политичка партија предлага една мерка, вториот втора мерка, тоа никого не го интересира, но по пет минути излегло и лидерче од „пајтон“-партиите, предлагајќи нешто трето.

Од слични причини и министерот за здравство Венко Филипче доби „помош“ за време на своите обраќања до јавноста, кога едно прашање по рамковен принцип е резервирано за заменик-министерот. Што вели заменикот е еднакво небитно, како и нарачаното прашање, но битно и тој да каже нешто.

Небитни се и свештениците. Наместо литургии и проповеди, нивната паства ги следи препораките на лекарите. Па затоа тие се приморани на драстични мерки, кои подразбираат циркуско рекламирање на дејноста. Четири попа качени на камионче е како почеток на добар виц, но, за жал, сите ние ги видовме видеата од Велес и Кавадарци. Едниот поп прска со „света вода“ по улиците, другиот држи икона, третиот потпевнува молитва, а четвртиот мавта со крстот. Недостасува полугола убавица со питон свиткан околу вратот и едно два-три кловна за да спектаклот биде комплетен. Колку подолго потрае опасноста од вирусот, дотолку се и поголеми шансите небитните потполно да го загубат влијанието кај граѓаните. Нивните омилени теми се потполно небитни во моментов, а паниката се зголемува, бидејќи временскиот интервал на медицинските мерки нема да биде краток. Никој сега не се грижи за тоа каде се наоѓа гробот на Александар Македонски, ниту, пак, некому му е битно дали имплементацијата на европското бла-бла законодавство ќе го забрза процесот на приближување на земјата кон бла-бла европското семејство на народи.

На луѓето им е единствено битно да останат здрави и да си ги сочуваат работните места. На сите други теми во моментов се „палат“ само партиските ботови. Коронавирусот е опасен по човечкиот вид, но може да се покаже и како корисен во расчистувањето на небитните.


СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 26.3.2020 | **Тираж: 7.500 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ,**
**СРЃАН ИВАНОВИЌ,**
**МИТКО БИЛЈАНОСКИ,**
**КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА,**
**ВИОЛЕТА КОСТОВСКА,**
**ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СТАВ



Руди Лазаревски

# За мерките на Владата во вонредна состојба



Владата теоретски може да донесе и суперправедни и правични мерки, никој во државата пак нема да биде задоволен дури и до револтна состојба. Приходите во Буџетот сигурно ќе паднат, па дури до негово парализирање, доколку корона-кризата ескалира во наредните месеци. Затоа што никогаш во овие 30 години, никој што седел во фотелјата не направи сериозна дисперзија на ризикот на структурата на приходите во Буџетот.

Сè зависи од еден приход, ДДВ. Останатите приходи беа и се исклучиво во функција на обезбедување „фан енд плејр“ на одреден слој граѓани, до нивно израмнување и приземјување со генерална даночна стапка, која создаде состојба на даночна урамниловка.

Во услови на најлошото сценарио, а секогаш се тргнува од песимистичко сценарио во такви услови, радикалните мерки се неопходни. Приходите во Буџетот сигурно би лизгале со засилено темпо надолу, затоа што зависат само од еден домашен приход, ДДВ и од надворешното задолжување

Според една американска студија, 70 отсто од секторите во една држава при ваква хуманитарна криза се нефункционални за спречувањето на потенцијалната катастрофа, но и за одржување на стабилни економско финансиски текови на државата. Тоа води кон нивно забавување до исклучување од економско-финансиските текови. Вработените мора да останат дома, без да создаваат нова вредност. Значи, нема приходи во Буџетот. Мислам дека преоптимистични се очекувањата за сериозни европски грантови или поволни задолжувања кои би помогнале во бегството од ликвидносниот банкрот. Европската Унија влегува во поголема економско финансиска криза по 2008 година. Банкротот на Грција делува како шега во однос на тоа што следува. И Брисел е многу свесен за тоа.

Во вакви услови треба да се очекува сериозно лизгање на приходите и заради тоа што најмалку 1 милион граѓани директно или индиректно месечно зависат од Буџетот и без оваа економска потенцијална катастрофа во државата. Без месечни приходи, голем дел од нив ќе посегнат по депозитите. Крајот сигурно не може да се предвиди, но лизгањето на банкарските депозити е извесно, до домино-ефект. Тоа може да биде задоцнето плаќање на данокот од минатото од некомпетентноста и намерното нечинење со седењето во фотелјите на тие што одлучуваа. Минатото не може да се врати назад и да се исправи. За жал.

### Вонредна демократија наместо вонредна состојба

Имајќи го предвид нашиот медитерански менталитет, поточно да речеме италијански менталитет, ние деновиве успеавме поимот „вонредна состојба“ да го претвориме во „вонредна демократија“. Еден мал пример од секојдневието. Таму некоја си регулаторна комисија цената на бензините упорно ја стрмоглавува надолу поради движење на цените на светските берзи. Наместо Владата да ја замрзне цената на ниво кога е постигната највисоката цена во малопродажбата во периодот јануари-март, а разликата да биде приход во Буџетот, остава некоја си регулаторна комисија да ги одредува цените според движењето во светот. Ова време, покрај големите бројки во Буџетот, е и време на собирање на секоја трошка во Буџетот. А да не зборуваме за вонредната демократија што ја водат политичките партии во стилот, ова го сакаме, она не го сакаме од предложените мерки.

А големите бројки во Буџетот делуваат како хорор. Од 3,9 милијарди евра расходи во годината, само три ставки што морате да ги исплатите: плати и надоместоци за службеничкиот сектор – половина милијарда евра. Но, тоа не е сè. Секое службеничко биро има и неопходни трошоци по единица службеник, како што се: струја, вода, греење, интернет... па сè до трошоците за водење сопствена фирма од службеничкото биро кои паѓаат на товар на Буџетот, а не на сопственикот на фирмата кој воедно е на службеничка плата. Тешко некој знае колку се овие трошоци за водењето на фирмата бесплатно од службеничкото биро.

Фамозната и мистериозна ставка во Буџетот - стоки и услуги, 350 милиони евра. Расходи за сè и сешто, до скриени трошоци за уште плати и надоместоци за службеничкиот сектор. Трансфери во единиците на локалната самоуправа – 350 милиони евра. Најголемиот дел од ова сигурно пак завршува во плати и надоместоци на службеничкиот сектор во единиците на локалната самоуправа. Сè на сè, само овие три ставки прават 1,2 милијарди евра од вкупните расходи. А понатаму постојат уште расходни ставки во кој е вметнат службеничкиот сектор.

**Предложените мерки на СДСМ до Владата немаат алтернатива. Прво, дрско и неемотивно спасување на Буџетот, а потоа да видиме како ќе се спасуваме понатаму.**

# Коронавирус – се покажавме ли организирана цивилизација?



Данило Коцевски

Со своите ненадејни и брзи смртни закани и апокалиптични сценарија, коронавирусот многу перфидно и неочекувано ја доведе под прашање целата наша цивилизација и нè натера да си го поставиме прашањето: дали ние, воопшто, сме организирана цивилизација? Според она што се случуваше и според некои од главните настани – очигледно не сме. Евидентно беше како нашата цивилизација, за која сметавме дека е висок дострел во историјата на човештвото, наеднаш се збуни, покажувајќи висока степен на дезорганизација, се разбира, со голема чест кон исклучоците, кои сепак не го поправија впечатокот и кој на многу места само го потврди правилото. Денес патуваме во вселената со специјални сонди, милијарди светлосни години оддалечени од нас во вселената, откривајќи нови светови и планети. Сепак, многу е опасна нашата самобендисаност и умисленост дека сме го допреле совршенството. А, тука, повеќе како да станува збор за нарцисоидност отколку за совршеност.

> Во една ваква фатална ситуација, неминовно е да си го поставиме прашањето: дали ние воопшто сме организирана цивилизација? Барем не онаква каква што ние сме си ја замислувале.

Нашата дезорганизација и немоќ во ваквите моменти беше повеќе од очигледна. Останувавме немоќни пред разурнувачките, заканувачки и деструктивни слики што ги остава пандемијата. Во својата понова, современа историја, светот никогаш не бил поблиску до смртта, стравот, но и беспомошноста, насетувајќи го хаосот со справување на болеста. Наеднаш, иако цврсто верувавме во нив, попуштија етичките и моралните норми (секоја чест на исклучоците). До вчера зборувавме за емпатијата, за наеднаш да се свртиме повеќе кон себеси поради моментот на страв – изненадување од епидемијата. Но и дезорганизираноста која на повеќе места во светот внесуваше хаос. Во Италија лекарите плачат од немоќ при недостатокот од лекари и, воопшто, на медицински кадар. Во другите краеви од светот, во старечките домови, на пример, умираат старите лица незгрижени додека другите сами беспомошни ја чекаат смртта. Не треба многу да претеруваме во заклучоците, но нашата цивилизација во голема мера во однос на коронавирусот се покажа како раштимуван оркестар. Имаше бескрајни примени на хуманост, но и себичност и самозатвореност, пред сè, од некои политички структури и геополитички интереси.

Нашата цивилизација во својата самобендисаност дејствуваше и дејствува, за жал, многу прецизно и организирано во водењето војни на речиси сите светски меридијани, материјалните ресурси ги потиснаа хуманите, од мигрантската криза сега бегаат и си ги мијат рацете најмногу оние што ја предизвикаа и ја предизвикуваат. Во сиот тој галиматијас беа замешани и некои од врвните светски, пред сè, западни интелектуалци, кои сакаа практично, на терен, да ја покажат својата правична, а во основа деструктивна политичка теорија и дипломатија (особено на Блискиот Исток), а во однос на климатските промени, исто така, го плаќаме данокот на нашата крајно напредна и прог-

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

**ДИУ и ДПМНЕ велат „не“ на кратење на платите за два месеца, а не нудат ништо. Ќе видиме колку ќе ја бранат администрацијата кога за два месеца сите ќе останат со нула плата.**

Зоран Иванов

Проицираните приходи е големо прашање дали ќе се остварат во висина од 60 отсто. Тоа значи приходи од околу 2,2 милијарди евра, од кои 1,2 милијарди евра треба да ги потрошите практично за службенички сектор до крајот на годината. Тоа е шах-мат позиција за елементарно функционирање на државата.

### Фрлање печатени пари од хеликоптер

За каков било износ да се работи, нема да биде доволен дури ни за релаксација на Буџетот до крајот на годината. На пример, ако позајмите 600 милиони евра, од нив ќе треба да потрошите 450 милиони евра само за службенички плати и надоместоци во следните девет месеци. Со остатокот од 150 милиони евра не можете да релаксирате ништо во Буџетот. Особено што никој со сигурност не може да каже колку ќе трае вирусната криза.

Треба да се биде свесен дека лошиот филм на Буџетот како вирус ќе продолжи со притисок врз депозитната база на банките, во најлошото сценарио до банкарско стампедо и курсот на локалната валута.

При еден ваков развој на настаните, нема да помогне ни фрлање печатени пари од хеликоптер. Без разлика дали е тоа дозволено или не во нашава држава. Лаиците се повикуваат на чекот од 2.000 долари што ќе го добие секој Американец, кои всушност се хеликоптерски печатени пари. Тоа ќе го прави за првпат и Брисел, а Лондон редовно го правел и ќе го прави. Толку е голема надоаѓачката економска криза. Последната во 2008 година е обична шега во однос на ова што следува.

Јас немам дилеми. И не се фемкам. Предложените мерки на СДСМ до Владата немаат алтернатива. Прво, дрско и неемотивно спасување на Буџетот, потоа да видиме како ќе се спасуваме понатаму.

---

ресивна цивилизација, која и самата започнува неумно да ја сече гранката на која седи и која ја крепи.

Во услови на една таква зашеметеност, коронавирусот силно и смртно нè тресна од земја, покажувајќи ни, и покрај нашите позитивни напори, дека не сме дораснати на ваквите пандемии и цивилизациски потреси, бидејќи сме се заборавиле себеси, сме ја заборавиле и самата природа на која ѝ припаѓаме. Се сметавме миленичиња на природата, на која можеме да ѝ правиме сè што ќе посакаме. А, во еден ваков фатален миг одвај изнаоѓаме сили да си помогнеме себеси. Во една ваква фатална ситуација, неминовно е да си го поставиме прашањето: дали ние воопшто сме организирана цивилизација? Многу примери покажуваат дека не сме, и покрај високото мислење што досега го имавме за неа и за себе. Барем не онаква каква што ние сме си ја замислувале. За тоа мораме да бидеме свесни, за повторно да не нè изненади некој перфиден и фатален противник како коронавирусот, кој смртно се поигра со нас.

Според библиските книги, по апокалипсата, треба да следува еден нов, возобновен свет. Исто така, потопот и ковчегот на Ное, во кој е сместен одбир на луѓе и животни кои ќе го преживеат потопот, ќе го пречисти човечкиот род, создавајќи и нови раси. Митолошки, историски и религиски, човештвото постојано било пред искушенија. Сегашнава криза, иако е катастрофична, се надеваме дека не е со таков обем за да бидеме преокупирани со такви асоцијации. Но што се случува и кон каде се движи нашата цивилизација, тоа сигурно треба постојано да го имаме на ум. Особено во ваквите и по ваквите кризи.

# Состанок со историјата



**Џабир Дерала**
Цивил медија

> Во една реченица: 11 години режим, насилство и изолација, крвав напад на Собранието и обид за ликвидација на опозициски лидери, историски договор со Грција, референдум, жестока националистичка кампања против историските успеси, решителни реформи, секавично брзо зачленување во НАТО и ЕУ-датум.

Како и секогаш, „визионерот“ Мицкоски предвиде дека Северна Македонија нема да добие датум за почеток на преговорите за членство во ЕУ, како што своевремено тресна, „не во јули, ниту пак во јуни, со политичари како Заев и Пендаровски“. Во право беше, нашата земја доби датум за преговори во март. За една недела, Северна Македонија се закити со членство во НАТО, а сега и со преговори за членство. „Визијата“ на наместникот на Груевски остана да лежи на дното од мочуриштето на деструктивната антизападна и антимакедонска политика.

Одиме понатаму, со крупни евроатлантски чекори! Уште една добра вест, без претерување историска, втора за една недела, среде светска криза, ги круниса храбрите напори на Зоран Заев и неговиот тим. Редно е, фер е, човечки е да се пофали и да се оддаде признание, а заслужните да се посочат со име и презиме. И добро е да се потсетиме каде бевме, за колку време се вративме на мапата на светот и што сè преживеавме за да дојдеме до тука. И кој го пробиваше патот низ густата шума од неволји.

Во една реченица: 11 години режим, насилство и изолација, крвав напад на Собранието и обид за ликвидација на опозициски лидери, историски договор со Грција, Референдум, жестока националистичка кампања против историските успеси, решителни реформи, секавично брзо зачленување во НАТО и добивање ЕУ датум. Наспроти сè, Заев одржа уште еден состанок со историјата.

По неуспехот на ЕУ во октомври минатата година, да повториме - неуспехот на ЕУ да го даде долгоочекуваниот и заслужен датум за нашата земја, европските лидери (сите, сосе Макрон!) смогнаа сили и политичка волја да се соочат со својот неуспех. Дури и внесоа измени во протоколот за да ја исправат својата грешка и да донесат едногласна позитивна одлука. И веднаш го одврзаа кесето од кое, само за борба против корона вирусот, во македонскиот буџет ќе влезат речиси 70 милиони евра. Стотици милиони евра допрва следуваат.

Некои ќе речат дека пандемијата ѝ помогнала на Северна Македонија да го добие датумот. Не, тоа е политичарот Зоран Заев и неговата екипа која тој ја постави и тоа се институциите што тој ги залечи, колку што имаше (а немаше) време, да можат да се справат со пандемијата на начин каков што не успеваат ни најразвиените во светов.

Што ли се случува сега во електронската комуникација на линија Кремљ - Будимпешта - Скопје? Колку ли се потат Мицкоски и неговата правнополитичка „армадила“ (непостоечки збор со кој се користи „математичарот на тато“) пред своите шефови? Дали ќе побараат уште неколку милиони евра за своите шпионско-медиумски операции? Дали ќе тргнат во тотална пропагандна војна и со какви ли „експертски“ методи ќе се служат сега? Или, тивко и подземно, како што добро знаат, ќе ја поткопуваат довербата на луѓето во институциите и во европската иднина!?

Одговорите на овие прашања веќе се насетуваат во првите реакции и изјави, но ударот против македонските национални интереси допрва ќе следи. Додека политичарите и пожртвуваните професионалци во институциите и пошироко, сосе продавачките и текстилните работнички, ја бијат битката со пандемијата, тие имаат доволно време, удобно затскриени зад милионите црни пари и тоталната неодговорност и злонамерност, да работат непречено против евроатлантската иднина, наша и на генерациите по нас.

И додека пијат „Књаз Милош“ и апсурдно (глупаво) заговараат купување македонски производи, тие ги влечат потезите преку своите крупни остатоци во правосудството, полицијата и на други стратешки места. Лажните вести и говорот на омразата им се главното оружје, како секогаш, така и овие денови. Дури и кога нивните постапки и изјави изгледаат како добронамерни сугестии, всушност, се диверзија против системот на одбрана против коронавирусот. Со политичко-медиумски диверзии се надеваат дека ќе има неказнивост и враќање на режимот. Со одлични позиции во техничката влада кои, за среќа, не ги користат во корист на своите деструктивни замисли.

Мала дигресија: најсреќен ќе биде Груевски, ако Спасовски му даде отказ и на министерот за внатрешни и неколку други ликови во техничката влада, како што го направи тоа со „најголемата патриотка“. Но Спасовски е мудар, само го исклучил Наќе од вибер-групата на Владата, како што овој плачливо им се пожалил на „куртоните“ (Латасов израз) пред некој ден. Па, нека се сликаат сега... Со воениот злосторник, на пример...

Но, да се вратиме на најновиот македонски историски успех... Значи, не ни помогна пандемијата да добиеме ЕУ-датум, туку пандемијата му помогна на Груевски и неговите наместници да купат време и да се консолидираат. Како што им тргнала работата, веројатно ќе останат на дното на мочуриштето што самите го создадоа. Но, нивната деструкција нема да помине без последици, бидејќи се лудо богати и тие пари ги користат за безумно мрачна кампања против сопствената земја.

Многу маски ќе се стават овие денови, но не само за заштита од коронавирусот. Тука се евроскептичните мрчатори, да ги наречеме нагалено, иако ги заслужуваат сите подбивни прекари што може да се замислат. Тие веднаш поитаа да кажат дека ова ништо не значи, дека преговорите ќе траат најмалку 10 години, дека ЕУ ќе се распадне дотогаш и што уште не. Бре! Како што и нивниот антизападен Мицкоски „визионерски“ предвиде дека нема да го добиеме датумот, нели? Да не се лажеме, проруските говеда се вкопани и во тие ровови, невешто маскирани како „неутралци“ или, како што ги нарекуваат на твитер - „неутровмрони“.

Да завршиме, сепак, со позитивна, но претпазлива мисла...

Дали ќе влеземе во ЕУ за шест години (на Хрватска ѝ беа потребни седум), зависи од нас. Новата методологија за зачленување е многу потешка за нашите политичари и институции, но е поставена на тој начин што не е возможно бавно напредување, туку само брзо и ефикасно. Што е супер за граѓанките и граѓаните! Како и да е, сè зависи од нас. Ако кецарошите, копитата, оние што по Уставно право имаат одвај шестки и некои што се „прославија“ со тоталната забеганост, национализам и криминал се доберат до власт, ќе ги изгубиме сите шанси за влез во ЕУ, кога било.

Како што ни тргна, сепак, изгледа дека ќе успееме да го извлечеме најдоброто од нашите зачестени состаноци со историјата.

Мицкоски, #СедиДома, а #МКвоЕУ #МКвоНАТО



↑ Фотографија **Profimedia**

# Економија

**Курсна листа** Курсната листа е од **26.3.2020**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.386 | 62.003 | CAD | 1 | 39.505 | 39.902 |
| USD | 1 | 56.697 | 57.267 | AUD | 1 | 34.117 | 34.459 |
| GBP | 1 | 67.089 | 67.763 | JPY | 1 | 0.5087 | 0.5139 |

**Кредити** Ќе има промена на договорните услови

# Банките ќе ги известат корисниците какви поповолни услови нудат

**Комуникација** Банките и штедилниците можат да понудат поповолни услови преку веб-страници или преку индивидуално известување. Ако корисниците на кредити не одговорат негативно во рок од 10 дена, се смета дека се прифатени новите услови и не треба да се оди во банка.



**Весна Дамчевска**

Граѓаните и компаниите може да очекуваат одложување на исплатата на ратите на кредитите, пролонгирање на исплатата на кредитот на подолг период, пониска каматна стапка и други поволности со кои ќе им се олесни отплатата на кредитите за време на корона-кризата. Ова важи за сите кредитни производи: потрошувачки, станбени, хипотекарни, автомобилски кредити, кредитни картички, одобрен минус, кредити на фирмите, пишува во заедничко соопштение на Народната банка и Министерството за финансии, откако претходниот ден Владата извести дека донела „уредба со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците“.

Во соопштението пишува дека со Уредбата се овозможува промената на договорните услови за кредитите да се изврши побрзо и поедноставно, без да се загрози јавното здравје – без да се посетуваат експозитурите и филијалите и без да се чека во ред на шалтерите заради потпишување на анексите на договорите.

„Банките и штедилниците можат да понудат поповолни договорни услови и без претходно да имаат добиено барање од засегнатите клиенти, и тоа преку: објава на своите веб-страници со понуда за промена на условите за плаќање на кредитите и/или со одделно известување на клиентите, преку електронска и/или писмена комуникација“, соопштија од Народната банка и Министерството за финансии.

Оттаму велат дека со Уредбата е утврдено дека ако фирмите и граѓаните, во рок од 10 дена од објавувањето на новите услови, не ја известат банката односно штедилницата дека го одбиваат понуденото олеснување на финансискиот товар, ќе се смета дека понудата за промена на договорните услови е прифатена.

„Секако останува и правото на кредитокорисниците да се обратат до банките и штедилниците, доколку оценат дека има потреба од тоа. Притоа, предвидено е тие да можат да се обратат електронски или писмено, а одговорот ќе го добиваат преку електронска комуникација“, пишува во соопштението.

Иако отплатата на кредитите стана едно од најважните економски прашања, и покрај инсистирањето на медиумите, немаше прес-конференција за да се објаснат деталите.

**Ќе важат ли поповолните услови за сите корисници на кредит, или само за засегнатите со последиците од коронавирусот и по кои критериуми ќе се оценува кој е засегнат, е прашањето на кое чекаме одговор**

Според соопштението: „И во текот на изготвувањето на Уредбата, банките и штедилниците истакнаа дека се подготвени да одговорат на потребите и барањата на кредитокорисниците погодени од корона-кризата. Во нивен интерес е да помогнат граѓаните и фирмите да го пребродат актуелниот шок и да имаат капацитет и понатаму да ги плаќаат обврските“.

Она што не е јасно од соопштението е дали поповолните услови ќе важат „за кредитокорисниците погодени од корона-кризата“, како што пишува, потоа кои ќе бидат критериумите за оценка кој е погоден, а кој не од кризата, или пак, поповолните услови ќе важат за сите.

Ова прашање го поставивме и во Министерството за финансии, но до затворање на весникот, не добивме одговор.

**Закон за минимална плата** Нов износ од април

## Минималната плата се зголеми за 434 денари и изнесува 14.934 денари

• Почнувајќи од април, висината на минималната нето-плата се зголеми за 435 денари и изнесува 14.934 денари.

Одлуката за минималната плата е објавена во „Службен весник“ број 75 од 24 март, во која е наведено дека бруто-износот на минималната плата е 21.776 денари.

Сојузот на синдикати на Македонија оценува дека овој износ на минимална плата треба да биде поголем.

- ССМ стои на ставот дека постои реална потреба од зголемување на минималната плата, која согласно со европските препораки и тенденции треба да изнесува 60 отсто од просечната плата во државата. Истовремено апелираме работодавачите да го следат растот на минималната плата иова зголемување на минималната плата да биде основа за скалесто зголемување на сите плати на работниците, што може многу лесно да се случи преку почитување на колективните договори – велат од ССМ.

Од друга страна, иако оваа одлука во „Службен весник“ е објавена уште пред два дена, помина без некое јавно соопштување од Владата. Компаниите, во кои најголем дел од работниците земаат минимални плати, какви што се текстилните и кожарските, се соочени со големи економски последици од коронавирусот и голем дел од нив веројатно привремено ставиле или ќе стават клуч на објектите.

Зголемувањето на минималната плата е во согласност со Законот за минимална плата. Корекцијата треба да се прави еднаш годишно и зависи од порастот на просечната плата, од трошоците за живот и од порастот на бруто-домашниот производ.

„Исплатената висина на минималната плата во бруто-износ за претходната година се усогласува во март секоја година со: една третина од порастот на просечно исплатената плата во Република Македонија, една третина од порастот на индексот на трошоците на живот и - една третина од реалниот пораст на бруто-домашниот производ, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика“, пишува во Законот за минимална плата.

В.Д.

**Вести.**

## Владата ќе одлучува како ќе се пренаменуваат парите од Буџетот

• Владата донесе уредба со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба. Со ова уредба им се овозможува на буџетските корисници да можат со прераспределба да ги намалат одобрените средства со Буџетот до 70 проценти на ниво на ставка.

„Владата на Република Северна Македонија одлучува за прераспределбите меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, на предлог на Министерството за финансии“, пишува во уредбата што се донесе на завчерашната седница, доцна попладне.

Со усвоената уредба им се дава поголема флексибилност на буџетските корисници при управувањето и користењето со планираните средства, односно се овозможува поефикасно делување во справувањето со епидемијата, соопштија од Владата.

## Ослободување од „персоналец“ и од данок на добивка

• За март, април и за мај самостојните вршители на дејност во секторите туризам, угостителство и транспорт, но и во други погодени сектори, нема да плаќаат аконтации за данок на личен доход, популарно наречен „персоналец“. Погодените сектори нема да плаќаат и аконтации за данок за добивка за истите месеци, но под одредени услови.

Владата ги соопшти точните шифри на дејност и потенцираше дека за искористување на овие мерки, работодавачот не смее да не го намали бројот на вработените во рок од три месеци по престанувањето на важноста на одредбата, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од вработените.

Персоналец и данок на добивка за три месеци нема да плаќаат и други погодени фирми, ако вкупните приходи им се намалени за најмалку 40 отсто во тековниот месец во однос на февруари или ако намалувањето на вкупните приходи за 2020 година изнесува повеќе од 40 отсто во однос на истиот период претходната година. Исто важи и ако бројот на вработени што не работат поради мерките со справување на коронавирусот изнесува најмалку 25 отсто во однос на вкупниот број вработени во однос на февруари 2020 година, или пак, ако даночниот обврзник затвори најмалку 50 отсто од продажните места. За да не плаќаат аконтација на данок на добивка, фирмите не смеат да делат дивиденди и бонуси.

**Проблем** Забраната за движење важи и за луѓето кои немаат дом

# Дел од бездомниците на улица и кога е на сила полициски час

**Згрижување** За тоа дали на сите бездомни лица во Скопје им е обезбеден престој во време на вонредна состојба, секретарот на Црвениот крст, Сузана Тунева Пауновска вели дека корисниците на нивните услуги се згрижени, а останатите не ни сакаат да бидат однесени во некој од домовите.

**Елизабета Д. Спасеновска**

Полицискиот час, односно забраната за движење по 21 часот, им го отежна функционирањето на граѓаните, но пред се на луѓето, кои на крајот од денот немаат каде да се вратат. Бездомниците се тие кои имаат најголем проблем да ја почитуваат наредбата, во вечерните часови да се остане дома, бидејќи немаат дом.

Во Скопје се регистрирани 180 бездомници. Дел од нив, со помош на Црвениот крст на Град Скопје, се сместени во Чичино Село, дел се во соби, а дел во домот „Ранка Милановиќ“.

-Пункот за бездомници има капацитет да згрижи 45 бездомници, но во нормални услови. Сега тој капацитет е преполовен, бидејќи ги следиме препораките од Министерството за здравство, за одржување на растојание од 1,5 метар. Во „Ранка Милановиќ“ обезбедивме 13 душеци согласно стандардите, ако има потреба ќе сместуваме бездомни лица и во Момин Поток, но засега го задржуваме старото темпо на работа, односно пунктот го отвораме секој вторник и петок, но само за да овозможиме бездомните лица да се избањаат, и да добијат лекарска помош и лекови, додека за преспивање пунктот го отвораме само во време на екстремно ниски температури - објаснува секретарот на Црвениот крст, Сузана Тунева Пауновска.



**Во Скопје се регистрирани 180 бездомници. Дел од нив, со помош на Црвениот крст на Град Скопје, се сместени во Чичино Село, дел се во соби, а дел во домот „Ранка Милановиќ“.**

За тоа дали на сите бездомни лица во Скопје им е обезбеден престој во време на вонредна состојба, таа вели дека корисниците на нивните услуги се згрижени, а останатите не ни сакаат да бидат однесени во некој од домовите.

- Наш мобилен тим секојдневно врши дистрибуција на ракавици, маски и средства за дезинфекција, кои се наменети за бездомниците. Покрај тоа се прави и едукација, односно постојано им се повторуваат насоките и препораките на Министерството за здравство, со цел да се спречи ширењето на коронавирусот кај оваа категорија на граѓани – вели Тунева Пауновска.

Голем дел од Ромите, кои „живеат“ под мостовите и под Кале не ги користат услугите на Црвениот крст. Не затоа што не се добредојдени во друштвото на корисници на Црвен крст, туку затоа што самите избираат да не влезат во системот на граѓани, на кои ќе им биде обезбедено живеалиште, но и останати услови за малку понормален живот, од тој што им го дава улицата.

- Сме се обиделе да ги сместиме и нив, но имаме впечаток дека каде и да ги однесеме, тие ќе најдат начин да избегаат. Тоа е нивниот избор, и ние не можеме да ги држиме против нивна желба - Тунева Пауновска.

Тогаш, останува нејасно прашањето, дали бездомниците се прекршители на забраната за движење?

Ако дел од бездомните лица, и покрај можноста да добијат сместување одлучуваат да останат на отворено и да се движат низ скопските улици кога е на сила полициски час, останува нејасно што се презема за да се спречи тие да бидат заразени и да го шират коронавирусот.

- Доколку полицијата ги лоцира веднаш ги носи во „Ранка Милановиќ“ - тврди Тунева Пауновска.

**Општина Ѓорче Петров.**



## Наредба до граѓаните да ги тргнат возилата од тротоарите

Општина Ѓорче Петров издаде наредба до сите граѓани кои ги паркираат своите возила на тротоарите и коловозите веднаш да ги препаркираат во своите дворови за да се овозможи непречено движење на полициските и противпожарните возила, на итната помош и на возилата за собирање на комунален смет.

Ова е една од мерките што ги презема Кризниот штаб на општина Ѓорче Петров во врска со вонредната состојба воведена поради справување со ковид-19.

Во наредбата е наведено дека во соработка со сообраќајната полиција и пајак-службата на ЈП „Градски паркинг“ ќе биде извршена контрола од инспекторите од Одделението за инспекциски работи на општината. За непочитувањето на наредбата ќе следат најострги санкции, односно освен подигање на возилото ќе има и парични казни.

**Град Скопје.**

## Хуманитарна помош од 50 илјади евра за Загреб

Град Скопје, како град на солидарноста и како збратимен град со Загреб, ќе испрати хуманитарна помош по земјотресите, кои деновиве го погодија главниот град на Хрватска и предизвикаа голема материјална штета.

Одлуката за хуманитарна помош, која е во износ од 50 илјади евра, ја потпиша градоначалникот Петре Шилегов. Шилегов телефонски разговараше со градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ.

-Со оглед на околностите, затворените граници и вонредната состојба насекаде во светот, договорија помошта која вообичаено се состои од материјали и луѓе за помош при катастрофи, овојпат да биде симболична финансиска сума- информираат од Град Скопје.

**Општина Чаир.**

## Ганиу: Чаирчани се доволно информирани и ги почитуваат мерките

Градоначалникот на Општина Чаир, Висар Ганиу, е во постојана комуникација со надлежните органи и следи дали граѓаните во неговата општина ги почитуваат мерките на Владата за заштита од коронавирусот. Тој објаснува дека првиот ден имало два-три локали кои не ги почитуваа мерките, но сега тоа повеќе не се случува.

-Има мала посетеност на граѓаните што доаѓаат со побарувања до општината. Без потреба не излегуваат и ги почитуваат сите мерки - изјави во „Утрински брифинг“ градоначалникот Ганиу.

Тој тврди дека од самиот почеток се преземаат мерки за дезинфекција на општината.

-Ние уште од првиот ден обезбедивме заштитни материјали во општината. Го свикавме Советот за превенција и кризен штаб и заедно со Регионалниот штаб за менаџирање со кризи, Црвениот крст и Град Скопје почнавме со дезинфекција на општината. Но, тука наидовме и на одредени потешкотии со обезбедување на средство за дезинфекција - рече Ганиу.

Чаир добива помош од институциите, а чаирчани се доволно информирани за да се придржуваат до мерките.

-Ова е мое прво искуство како градоначалник и морам да кажам дека добивме огромна помош за општината од надлежните институции. Јас со мојот автомобил шетам низ Чаир и интервенирам и барам помош од МВР каде што забележувам групирање на луѓе. Но сега сметам дека веќе децата и родителите се доволно информирани и веќе нема проблем - вели Ганиу.

# Свет

## Апел да не се кријат нови случаи во Хубеи

• Кинескиот премиер Ли Кечијанг ги предупреди локалните власти да не ги прикриваат евентуалните нови случаи на ковид-19 во период кога поради смирувањето на ситуацијата постепено се укинуваат ограничувањата за движење во провинцијата Хубеи



**Пандемија** Британски врвни експерти предупредуваат да се извлечат поуки

# Кинеските искуства се патоказ за светот



**Нормализирање** Во извештај на лондонскиот Империјал колеџ се истакнува дека е возможно постепено да се укинуваат мерките за физичко дистанцирање, како што сега прави Кина, без да се зголеми повторно бројот на новозаразени лица, сè до изнаоѓање вакцина

Строгиот карантин и мерките за физичко дистанцирање спроведени во кинескиот град Вухан се покажаа како ефикасни за запирање на локалното пренесување на коронавирусот и може да го бидат вреден патоказ за другите земји како да се стигне до секојдневниот начин на живот по епидемијата, се истакнува во извештај на лондонскиот Империјал колеџ.

Извештајот го изработил професорот Нил Фергусон и неговиот експертски тим, кој е вклучен во изготвувањето на моделите на реакција на епидемијата за владата на Обединетото Кралство, но и на други земји. Притоа се истакнува дека е возможно постепено да се укинуваат мерките за физичко дистанцирање, како што сега прави Кина, без да се зголеми повторно бројот на новозаразени лица.

- Во овие тешки времиња, овие резултати покажуваат дека по скротувањето на ударот на епидемијата, можно е со внимателно управувано и надгледувано разлабавување на строгите мерки да се нормализира ситуацијата дури и пред изнаоѓањето вакцина против ковид-19 – вели професорот Кристл Донели од Оксфорд, член на стручниот тим.

**И кинескиот државен весник „Чајна дејли“ објави дека светот треба да учи од Кина и да ги следи принципите на рано откривање, рано изолирање и рано третирање на коронавирусот за да се запре неговото глобално ширење**

Фергусон самиот истакнува дека анализата дава надеж за низата земји што сега спроведуваат повеќе или помалку строги изолации дека кога бројот на новозаразени лица ќе се спушти до многу ниско ниво, може да се укинат мерките за социјално дистанцирање ако воедно се спроведат други мерки за ограничување на ризикот од обновен пораст на заразата. Професорот додава дека разлабавувањето на политиките за изолација ќе зависи од „агресивното тестирање и ефикасноста на откривање и следење на контактите на заразените лица“. Тоа би значело тестирање на сите лица со симптоми и итна изолација на лицата што биле во контакт со нив за да се намали ризикот од понатамошно ново разгорување на епидемијата.

Притоа се истакнува дека во Кина, па и во Хонг Конг, веќе почнало ниско ниво на економска активност без значително зголемување на бројот на нови случаи на коронавирусот, поради што се заклучува дека „умерените нивоа на локална активност може да се задржат без да се поттикне епидемија“.



Во извештајот не се отфрла целосно можноста од обновување на епидемијата во Кина ниту се одредува „кое ниво на нормализација може да се смета за безбедно“.

- На глобално ниво, Кина е во понапредна фаза од пандемијата. Политиките спроведени од властите во Пекинг за запирање на ширењето на ковид-19, како и стратегиите за бавно нормализирање, може да бидат полезни за другите земји во кои ќе се постигне запирање на епидемијата – се наведува во извештајот од лондонскиот Империјал колеџ.

И кинескиот државен весник „Чајна дејли“ објави дека светот треба да учи од Кина и да ги следи принципите на рано откривање, рано изолирање и рано третирање на коронавирусот за да се запре неговото глобално ширење.

Иако по појавувањето на новиот коронавирус во Вухан при крајот на минатата година локалните власти првично се обидоа да го прикријат неговото ширење, Кина спроведе низа ефикасни мерки и ја истакнува својата позитивна улога во контролирањето на понатамошното ширење на заразата низ светот. Смирувањето на пандемијата во светот е важна и за Кина, бидејќи таа повеќе не го „извезува“, но може повторно да го „увезе“ вирусот.

Во уреднички коментар, „Чајна дејли“ истакнува дека властите на Сингапур, Јапонија и на Јужна Кореја ги базирале своите реакции на искуството и лекциите од „кинеската успешна битка со вирусот“ и дека Пекинг сега „проактивно ги споделува своите искуства со светот“. Притоа се забележува и дека „не сите земји посветуваат внимание, зголемувајќи го ризикот од влошување на пандемијата“.

**Анализата дава надеж за низата земји што сега спроведуваат повеќе или помалку строги изолации, дека кога бројот на новозаразени лица ќе се спушти до многу ниско ниво, може да се укинат мерките за социјално дистанцирање, ако воедно се спроведат други мерки за ограничување на ризикот од обновен пораст на заразата**

-Наспроти очигледната сериозност на ситуацијата, некои земји се обидоа да ги отфрлат ризиците и мерките што тие ги презедоа не само што не се доволни за контрола на пандемијата на домашно ниво, туку се и опасност за ширење на вирусот во други земји – наведува „Чајна дејли“. Пекинг порачува дека драстичното влошување на ситуациите во некои земји „само ја истакнува важноста на спроведување целни мерки за да се подобри карантинот и третманот“ и затоа тие треба да го засилат комуникацијата и соработката заради подобро координирање на напорите.

Претседателот Си Ѓинпинг пред една недела му порачал на генералниот секретар на Обединетите нации, Антонио Гутереш, дека „кинеските мерки за контрола на заразата му дале на светот скапоцено време да ги формулира сопствените реакции“.

Кинескиот премиер Ли Кечијанг ги предупреди локалните власти да не ги прикриваат евентуалните нови случаи на ковид-19 во период кога поради смирувањето на ситуацијата постепено се укинуваат ограничувањата за движење во провинцијата Хубеи, во која беше првичното жариште на коронавирусот.

**Наспроти очигледната сериозност на ситуацијата, некои земји се обидоа да ги отфрлат ризиците и мерките што тие ги презедоа и не само што не се доволни за контрола на пандемијата на домашно ниво, туку се и опасност за ширење на вирусот во други земји – наведува „Чајна дејли“**

Повикот од Ли се поклопува со сомневања изразени од аналитичари дали во Кина навистина неколку денови немало нов случај на заразување во изолираните региони. Премиерот ги повика локалните функционери да бидат искрени и да не прикриваат нови случаи само за да го задржат националниот број новозаразени на нула. Тој додаде дека низа истражувања веќе укажуваат дека ковид-19 ќе биде целосно запрен како сродниот вирус САРС.

- Мора да се посветиме на превентивната стратегија „рано откривање, пријавување, изолација и третман“ за да ја запреме епидемијата и да спречиме нејзино разгорување – истакна Ли.

Откако во Кина неколку денови по ред не беше пријавен ниту еден случај на локално пренесување на ковид-19, низа аналитичари оценија дека тоа е потег на кинеската влада заради реактивирање на економската обнова. Низа непотврдени извештаи од Вухан укажуваат дека има новозаразени луѓе или дека властите повеќе не ги евидентираат случаите во кои заразените немаат симптоми.

Жителите на Хубеи, освен оние од Вухан, во средата првпат по два месеца можеа патуваат надвор од регионот, ако имаат „зелена потврда“ за здравствената состојба. Карантинот за Вухан ќе биде укинат на 8 април.

**Оксфорд** Нова теорија

# Вирусот веќе го прележале половина од Британците?

Иако звучи како лажна вест, сепак истражувачите од Универзитетот во Оксфорд претпоставуваат дека епидемијата на ковид-19 во Британија почнала да се шири уште во текот на јануари и дека досега повеќе од половина од популацијата се заразила




Со коронавирусот ковид-19 можеби веќе е заразено половина од населението на Велика Британија, се вели во студијата изработена од истражувачите на Универзитетот од Оксфорд.

Доколку објавените резултати се потврдат, тогаш ќе се докаже дека само еден од 1.000 заразени лица со вирусот има потреба од болничка нега. Огромниот дел од популацијата воопшто не знае дека е заразен, додека помал дел чувствуваат поблаги симптоми.

- Веднаш треба да почнеме со масовни серолошки испитувања, односно тестирања на антителата, за да можеме да дознаеме до кое ниво е епидемијата - вели д-р Сунетра Гупта, професор по епидемиологија, а воедно и предводник на истражувањето.

Иако звучи како лажна вест, сепак истражувачите од Универзитетот во Оксфорд претпоставуваат дека епидемијата на ковид-19 во Британија почнала да се шири уште во текот на јануари и дека досега повеќе од половина од популацијата се заразила. Ова истражување се коси со сите досегашни, а најмногу со она што беше претставено од Империјалниот колеџ во Лондон, чии резултати помогнаа во креирањето на официјалната владина политика.

- Изненадена сум од неквалификуваната постапка што произлезе од истражувањето на колегите од Империјалниот колеџ - додава Гупта.

Сепак, докторката не сака да ја критикува британската влада за преземените мерки на изолација, бидејќи оксфордското истражување сè уште не е потврдено, а дури и да е во потполност точно, општественото дистанцирање ќе го намали бројот на луѓе што ќе добиваат сериозни симптоми, со што ќе се намали притисокот врз здравствениот систем.

Оваа студија е заснована на податоците на заразата за тоа што се случува во Италија и во Британија, како и стапката на смртни случаи од овие две земји.

Со ова истражување повторно се става фокус врз колективниот имунитет, со што ќе се обезбеди општ имунитет на вирусот, кога поголем број луѓе ќе ги прележат симптомите. Интересно, но токму премиерот на Велика Британија, Борис Џонсон, беше еден од ретките што на почетокот од месецов предлагаше сличен модел за справувањето со епидемијата.

Кога е Велика Британија во прашање, потврдувањето на оксфордската теорија би значела дека земјата веќе го достигнала неопходниот степен на имунизација од коронавирусот, кој се пренесува од човек на човек веќе два месеца. Тоа би значело дека забраната за движење и другите рестриктивни мерки, би можеле веднаш да бидат отстранети.

За обезбедување на неопходните докази, Универзитетот од Оксфорд оствари соработка со Универзитетите на Кембриџ и Кент, со цел да се обезбеди објективно согледување на фактите од три независни извори. Резултати ќе бидат познати за неколку денови.

**Поради забраната за извоз на медицински материјал.**

# Респираторите за Црна Гора, конфискувани во Србија

Од петте респиратори што црногорскиот Фонд за здравствено осигурување (ФЗО) ги нарача од претставници на шведски производител, вчера три беа задржани на границата со Србија, а потоа и конфискувани, потврди за подгорички „Вијести“ директорот на Фондот, Сеад Чиргиќ.

Тој одговори дека не станува збор за донација, туку институцијата потпишала договор со снабдувачот „Фармонт“, а испорачани се два апарата. Чиргиќ објасни



дека според информациите на снабдувачот, трите преостанати респиратори се запленети.

– Што се однесува до трите респиратори, не можеме да сметаме на нив бидејќи тие беа конфискувани од Република Србија. Апаратите се нарачани од претставник на шведскиот производител на респиратори со седиште во Србија. Но, со оглед на тоа дека за тој вид опрема е воведена забрана, испорака не е можна - изјави Чиргиќ за „Вијести“.

**Косово.**

## Падна владата на Курти

• Косовското Собрание, со 82 гласа „за“, 32 „против“ и еден воздржан, изгласа недоверба на Владата водена од лидерот на Движењето Самоопределување (ВВ), Албин Курти.

По обемната дебата, која траеше нешто повеќе од 11 часа и во која беа разменети меѓусебни обвиненија меѓу предлагачите и поддржувачите на опцијата за недоверба, од една, и пратениците на ВВ на Курти од друга страна, недовербата за кабинетот на Курти беше изгласана синоќа околу 23 часот.

За уривање на Владата на Курти гласаа мнозинството пратеници на Демократскиот сојуз на Косово (ЛДК), партијата што досега беше дел од владејачката коалиција и на чија иницијатива беше свикана собраниската седница, како и пратениците на опозициските партии. Предлогот на ЛДК го поддржаа и партиите на српската и на другите немнозински заедници, Српската листа (СЛ) и групата Г6, кои исто како и ЛДК учествуваа во Владата на Курти.

Покрај 29-те пратеници на ВВ, против уривањето на Владата беа и тројца пратеници на ЛДК, меѓу кои и собраниската спикерка Вјоса Османи.



↑ **Албин Курти** / Фото **ЕПА**

**Албанија.**

## Регистрирана е шестата жртва од коронавирус

• Министерството за здравство и социјална заштита на Албанија информираше дека бројот на починати во земјата од коронавирусот се искачил на шест.

- Во текот на ноќта почина 71-годишна жена од Тирана, позитивна на коронавирус, која беше хоспитализирана пред седум дена во Инфективната клиника, а неколку денови беше на респиратор, стои во соопштението.

Во земјата бројот на заразените од ковид-19 изнесува 146. Досега 17 лица од заболените се излекувани, но остануваат во домашна изолација во период од 14 дена.

# Гастрономија

Човекот што е душевно богат, и во потполна осаменост одлично се забавува со сопствените мисли.
**Артур Шопенхауер**

**Корисни совети и идеи.**

# Што можете да направите со остатоците од храна

**Лушпите од бананите и од јаболката наместо да ги фрлите во канта за отпадоци, обидете се да пронајдете начин како правилно да ги искористите.**



Во домот на речиси секое семејство, секојдневно остануваат големи количества остатоци од храна, која се разбира не може да се јаде, па токму поради тоа завршува во канта за отпадоци. Сепак, за да не фрлате сè, добро е да ги знаете овие трикови, со кои можете многу да си го олесните секојдневието, а притоа и да заштедите пари.

### Кафе

Доколку во домот имате зрна кафе, можете да ги искористите за да ја неутрализирате лошата миризба од чевлите. Сè што треба да направите е да ставите неколку зрна немелено кафе и да ги оставите да отстојат најмалку 12 часа. Чевли веќе следниот ден нема да мирисаат непријатно. Покрај тоа, кафето можете да го користите и за неутрализирање на лошата миризба на рацете по сечкањето лук или кромид. Треба да земете малку мелено кафе и со вода убаво да го втриете со дланките. Потоа само исплакнете. Веднаш ќе забележите дека непријатниот мирис исчезнал.



### Лимонова кора

Киселоста што ја има лимонот во својот состав, претставува одлично средство за избелување, а пак витаминот Ц кој е концентриран во ова овошје, го поттикнува производството на колаген. Токму затоа, доколку се соочувате со проблемот на неизбалансиран тен на лицето, кората од искористениот лимон наместо да ја фрлите, искористете ја за козметички цели. Неколку денови тријте ја кожата на лицето со кора од лимон. Потемните делови на кожата на лицето комплетно ќе избледат, а вашиот тен ќе стане ист по целото лице.



### Кора од банана

За да светат чевлите како да се штотуку купени, секојдневно полирајте ги со кора од банана. Природните масла што се содржани во бананата, ќе помогнат да се зачува сјајот на чевлите, особено доколку се направени од кожа.

Кората од бананата можете да ја користите и за белење на забите. Во неа се содржани калиум, калциум, магнезиум, фосфор, кои помагаат во зацврстувањето на забите. Затоа, еднаш дневно протријте ги забите со кора од банана. Само по неколку денови ќе забележите дека забите се побели за нијанса.

### Лушпи од јаболка

Јадете јаболка бидејќи се исклучително здрави. Сепак, складирајте ги и лушпите. Кога ќе успеете да наполните една тегла со лушпи од јаболка, во теглата ставете и вода се до врвот, ставете една лажица шеќер и покријте ја со газа. Оставете ја така да отстои околу 10 дена на темно место. Откако ќе помине тој период, процедете ги лушпите, а течноста користете ја како оцет.

**Рецепти.**

## Аргентински ќебапчиња

**СОСТОЈКИ:**

- 350 грама мелено јунешко месо
- 300 грама компир
- 2 јајца
- сол, црн бибер
- малку сода-бикарбона
- 1 главица кромид
- 5 чешнињa лук
- 1 лажица црвен пипер
- 1 лажица лут буковец
- 4 лажици брашно
- 100 грама презла
- 2 лажици кисела павлака
- малку магдонос
- масло за јадење
- сок од еден лимон

**ПОДГОТОВКА:**

Убаво исчистете го компирот, излупете го и ставете го да се вари. Кога компирот целосно ќе омекне, испасирајте го и во него додајте го меленото месо. Со рацете убаво изгмечете ги двете состојки. Во смесата додајте две жолчки од јајца, сол, црн бибер како и малку сода-бикарбона. Потоа, ситно исечкајте ги лукот и кромидот и додајте ги во смесата. Зачинете со сите потребни зачини, вклучувајќи го тука и ситно исечканиот свеж магдонос и убаво целата смеса измесете ја со рацете. Откако ќе завршите со постапката, добиената смеса, оставете ја да отстои во фрижидер околу три часа за сите состојки убаво да се соединат. Откако ќе помине потребното време, извадете ја смесата од фрижидер и обликувајте ја во форма на ќебапи. Доколку сакате, ќебапите можете да ги набоцкате на стапчиња за ражнчиња. Секое ќебапче извалкајте го во брашно, а потоа во изматени белки и на крај во презла. Пржете ги во зовриено масло. Откако ќебапите ќе бидат испржени оставете ги да се изладат. На крај консумирајте ги со павлака во која ќе додадете малку лук или сенф.



## Колач со јаболка и павлака



**СОСТОЈКИ:**

ЗА ТЕСТО:

- 125 грама брашно
- 1 жолчка од јајце
- 50 грама шеќер
- 1 кесичка ванилин шеќер
- 100 грама мелени лешници
- 100 грама путер

ЗА ФИЛ:

- 1 килограм јаболка
- 50 грама суво грозје
- 200 милилитри кисела павлака
- 150 грама шеќер
- 5 јајца
- 1 лажица пудинг од ванила
- 200 милилитри слатка павлака
- 1 лажица шеќер во прав

**ПОДГОТОВКА:**

Ставете го брашното во подлабок сад, додајте ги жолчката, шеќерот, ванилиниот шеќер, мелените лешници и исечканиот путер. Со раце измесете тесто, завиткајте го во најлонска фолија и оставете го да отстои во фрижидер околу еден час. Излупете ги јаболката и исечкајте ги на ленти. Прелијте ги со лимонов сок за да не потемнат. Кога ќе помине потребното време, извадете го тестото од фрижидер и со сукало развлечете го тестото и ставете го во калап за подготовка на тарт. Врз тестото ставете ги јаболката, а одозгора наросете со суво грозје. Измешајте ја киселата павлака со шеќерот, јајцата, прашокот за пудинг и слатката павлака. Со добиената смеса прелијте го колачот. Ставете го да се пече околу 30 минути во претходно загреана рерна на 180 степени. Испечениот колач оставете го да се изалади, а потоа наросете го со шеќер во прав.

**Домашно подготвен природен лек.**

## Ослабете и излекувајте се со сируп од рен

• Главната состојка содржана во овој исклучително лековит сируп е ренот. Станува збор за корен што има позитивно влијание врз зајакнувањето на имунитетот, бидејќи е богат со витамините Ц, Б1, Б6, Б2, магнезиум, калиум и калциум. Меѓу другото, ренот исто како и ѓумбирот, го забрзува метаболизмот и комплетно ја чисти крвта од зголеменото количество маснотии како и триглицериди.

Во овој сируп треба да додадете и цимет, кој пак е одличен извор на манган и цинк.

За подготовка ќе ви требаат следните состојки:

- 150 грама рен
- 3 лимони
- 3 лажици мед
- 1 лажица цимет
- 30 грама ѓумбир

**ПОДГОТОВКА:**

Излупете ги ѓумбирот и ренот и ситно изрендајте ги. Исцедете го лимонот и добиениот сок додајте го во изренданите состојки. Потоа додајте ги и останатите состојки и сето тоа убаво измешајте го. Добиениот сируп ставете го во чиста тегла. Јадете од сирупот по една лажица дневно.



Оној што прв се извинува е најхрабар,
оној што прв простува е најсилен,
а оној што прв заборава е најсреќен.



**Најважните мерки на претпазливост.**



# Колку е безбедно сега да се пазарува во продавниците

Сè уште постојат многу прашања чии одговори нè интересираат кога станува збор за купување производи за време на пандемијата на коронавирусот.

Донесуваме одговори на експерти на најчесто поставуваните прашања за купувањето и што е безбедно, а што не. Пред да продолжиме, важно е постојано да ги проверувате новите информации, бидејќи ситуацијата се менува од ден на ден!

**Дали е безбедно да се оди во продавница?**

Јасно е дека повеќето од нас седат дома и дека сме го намалиле социјалниот контакт за да го запреме ширењето на вирусот, па колку е безбедно да се оди во продавница? Најважно е да не стапите во контакт со заразено лице и тука се најважните мерки на социјална оддалеченост и заштита. Внимавајте на растојанието и по можност носете маска и наракавици. Во продавниците, на влезовите има средства за дезинфекција со кои мора да ги исчистите рацете. Задолжително измијте ги рацете кога ќе се вратите дома и откако ќе ги распакувате намирниците. Во меѓувреме, не допирајте го лицето со рацете.

**Дали смее да се нарачува достава?**

Тоа што го нарачувате не е ризик, ризик е контактот со продавачот/доставувачот. Денес повеќето компании за испорака нудат бесконтактна испорака па и тоа искористете го.

**Дали готвењето ќе го убие вирусот?**

Да - е пократката верзија на одговорот. Според препораките, доволна е температура од околу 65 степени Целзиусови и неколку минути. Сепак, треба претходно да се измијат плодовите.

**Дали замрзнувањето на плодовите ќе го убие вирусот?**

Замрзнувањето на свежите плодови со цел уништување на вирусот не е најдобриот метод, особено ако се земе предвид дека во лабораторијата вирусот се замрзнува за да се зачува, истакнува Чепмен.

Но, ако замрзнете храна, веројатно ја и чистите и обработувате, ова се два безбедни начини за заштита.

**Дали треба да се исчистат лимениките, торбите и кутиите по враќањето дома?**

- Врз основа на она што го знаеме денес, тоа не е задолжително. Меѓутоа, ако тоа ве прави побезбедни, не заборавајте да дезинфицирате сè што ќе внесете во куќата - вели Бен Чепмен, лекар и професор по безбедност на храната.

Она што е задолжително е миењето на рацете откако сте го допреле купеното, бидејќи тоа е најсигурниот начин да се спречи ширењето на коронавирусот.

Измијте ги рацете кога ќе земете, на пример, печурки. Измијте ги рацете откако ќе ги измиете печурките и пред да допрете друга храна. И продолжете постојано да го повторувате тоа.

**Што е со свежите плодови?**

Засега нема докази дека вирусот се шири преку површината на таквите плодови, но сепак постои и податок дека вирусот може да живее на нив, според студијата што се занимавала со респираторните вируси. Чепмен посочува дека шансите за контакт со вирусот на овој начин се многу мали. Добро измијте ги плодовите, па добро измијте ги рацете!

**Како треба да се мијат свежите плодови?**

Измијте ги под млаз ладна вода, вели Амнда Деринг, специјалист за храна: „Гледам многу упатства да се мијат со сапун и вода, затоа што така се мијат и рацете, но според извештаите тоа не е така. Се препорачува да се користат четки за миење зеленчук и овошје, кои имаат потврда површина, и тоа само со вода. Но, не заборавајте да ја измиете оваа четка добро со сапун по секоја употреба.

**Ако сум во ризична група, дали треба да купувам производи што се претходно спакувани?**

Потрошувачите на кои имунитет им е загрозен, треба да размислат за купување спакувано овошје и зеленчук и малку повеќе да ја зголемат претпазливоста и плодовите да ги готват пред да ги јадат.



## Дали треба да ги миеме рацете со врела вода и колку температурата на водата е важна за уништување на вирусот?



• Дали врелата вода е единствениот начин да бидеме сигурни дека сме ги исчистиле сите бактерии, вируси и нечистотии од раце? Според Американскиот центар за контрола на болести, најдобар начин за миење на рацете е добар сапун и чиста вода. Температурата на водата, се чини, не е важна.

**Дали врелата вода им прави услуга на рацете?**

Експертите се согласуваат дека миењето раце во врела вода може да ѝ наштети само на кожата. Со години се веруваше дека топлата вода ќе убие повеќе штетни работи на рацете отколку ладната и на тој начин ќе го намали ризикот од ширење на заразата.

Зачестеното миење на рацете во многу топла вода ќе ја оштети кожата и може да доживеете боцкање, чешање или слична иритација. Зошто? Бидејќи водата со висока температура ги уништува природните масла на кожата што дејствуваат како бариера против штетните надворешни фактори, а ако имате кожни проблеми, мора секогаш да ја избегнувате.

Студијата се занимава со прашањето колку врелата вода е потребна за добра хигиена. На рацете на испитаниците ставиле ешерихија коли, злогласната бактерија, па мереле колку останува чиста раката по миењето во врела вода. На крајот на истражувањето, утврдено е дека нема преголема разлика во миењето со топла или со ладна вода, па од таа причина Центарот за контрола на болести советува сами да ја одредите температурата на водата што ви одговара - без разлика дали е студена или топла.

Треба да се спомене дека според оваа студија, дури 70 отсто Американци веруваат дека топлата вода ги убива бактериите и вирусите.

# Спорт

Тажен сум што Олимписките игри се одложени, но сигурен сум дека тоа е вистинската одлука за колективното здравје на сите. Со нетрпение ги чекаме Игрите во Токио во 2021 година.

**Новак Ѓоковиќ,** *тениски број еден во светот*



**Скијање.**



## Шифрин преку аукција до средства за борба против коронавирусот

• Двократната олимписка шампионка во алпско скијање, Американката Микаела Шифрин, изјави дека ќе продолжи да продава свои работи на добротворна аукција. Собраните средства ќе ги донира за борбата против коронавирусот. Претходно, Шифрин на аукција изложи неколку парчиња облека и чаши.

Според неа, купувачите биле многу активни, така што на секои неколку денови таа ќе продава нешто друго. За потсетување, најголемиот број спортски настани се прекинати низ целиот свет поради пандемијата.

**Турција.**



## Српските спортисти не сакаат враќање дома поради карантинот

• Поголем дел од српските спортисти што настапуваат во Турција одбиле да се вратат во татковината бидејќи задолжително треба да поминат 14 дена во самоизолација, а единствен кој се враќа е тренерот на Фенербахче, Жељко Обрадовиќ. Ова го изјави министерот за надворешни работи на Србија, Ивица Дачиќ, кој напомена дека неодамна авион од Белград полетал кон Истанбул.

– Нашата влада секојдневно праќа по два авиона за да ги врати дома нашите граѓани. Ние вративме околу 150 турски државјани во Истанбул, а турската влада во знак на благодарност ќе ни донира заштитна опрема. Интересно е што нашите спортисти не сакаа да се вратат. Кога ќе слушнат дека мора да заминат во карантин, тие сметаат дека е подобро да останат таму– изјави Дачиќ.

**Бокс** Македонската репрезентација заглавена во Британија

# Боксерите сè уште во Лондон, селекторот летнал за Куба

**Јасин Лама и Гоце Јанески од 10 март се во Лондон, не се знае кога ќе се вратат. Во БФМ прават напори тоа да биде што поскоро. Нашиот селектор, Кубанецот Сојет, успеал да замине во својата татковина**



Изнудениот престој на македонската боксерска репрезентација составена од двајца учесници на квалификацискиот турнир за ЛОИ 2020 во Лондон продолжува. Гоце Јанески и Јасин Лама сè уште се во Лондон. Тие заминаа за британската престолнина на 10 март да учествуваат на турнирот, кој беше прекинат поради коронавирусот. Оттогаш се заглавени во Лондон и сè уште е неизвесно кога ќе се вратат. Од Боксерската федерација на Македонија велат дека прават сè боксерите што поскоро да се вратат дома. Но, тоа сигурно нема да се случи неделава. Во контакт се со надлежните државни институции во земјава, кои треба да организираат чартер лет од Лондон за двајцата боксери да се вратат во земјава, заедно со повеќемина граѓани на Македонија со слична судбина.

Во нашата боксерска федерација велат дека селекторот на Македонија, Кубанецот Хесус Сојет, успеал да замине од Лондон во својата татковина Куба. Сојет веќе нема да биде македонски селектор, велат во БФМ. Тој на оваа позиција дојде минатото лето. Бидејќи сезоната е веќе упропастена поради пандемијата, нема ни потреба тој да се враќа во Македонија. Неговиот договор беше до септември.

- Сè уште сме тука во хотелот, во кој бевме од почетокот на нашиот престој во Лондон. Во контакт сме со нашата федерација, а деновиве треба да летаме за дома. Инаку, во хотелот ни е добро, имаме сè што ни треба, маркетите работат. Нема страв кај нас, тука сме сигурни – вели Јасин Лама. Обајцата боксери, кога ќе се вратат во Македонија, ќе мора да го издржат задолжителниот карантин од две недели.

Лама и Јанески двапати беа со билетите в раце за да заминат од Лондон, првиот пат на лет за Истанбул, а вториот за Солун. Но, буквално во последните минути пред да се качат на авионот, тоа не им било дозволено поради компликации предизвикани со патувањата во услови на пандемија.

- Во секојдневен контакт сме со нашите боксери во Лондон. Во секојдневен контакт сме и со државните институции задолжени да го организираат летот од Лондон за да се вратат нашите граѓани дома. Процесот на организација на тој лет е во тек, но во моментов не можеме да кажеме кога точно тој ќе се случи. Но боксерите се добро, имаат обезбедено сместување од организаторот на турнирот, имаат и финансиски средства. Се надеваме што поскоро да ги видиме дома – велат од Боскерската федерација на Македонија.

### Нашите не биле во контакт со заразените Хрвати

• **Неодамна во Хрватска публицитет доби веста дека тренерот Томо Кадиќ и боксерот Тони Филипи, претставници на оваа земја на квалификацискиот турнир во Лондон, по враќањето во Загреб биле позитивни на вирусот ковид-19. Нашите боксери не биле во никаков контакт со овие двајца, но секако по враќањето во Македонија ќе го поминат задолжителниот карантин.**

**Тенис.**

## Одлука за Вимблдон следната недела



• Одлуката за тоа дали и кога ќе се одржи тениксиот грен-слем во Лондон, ќе биде донесена следната недела на состанокот на главниот совет на турнирот. Британските медиуми шпекулираат дека Вимблдон ќе се игра без публика.

Неофицијалното светско тениско првенство на трева оваа година е предвидено да се одржи од 29 јуни до 12 јули. Претходно, здруженијата на тенисерите и тенисерките АТП и ВТА ги откажаа сите турнири до 7 јуни поради коронавирус.

**Фудбал** Градоначалникот на Бергамо тврди

# Сите 40.000 навивачи на мечот Аталанта-Валенсија имаат коронавирус

**На Сан Сиро на 16 февруари вирусот се ширел како пожар, а во тие моменти никој не бил свесен за тоа.**




Градоначалникот на Бергамо, Џорџо Гори, рече дека сите 40.000 навивачи што биле на натпреварот Аталанта-Валенсија се заразени со коронавирус. Екипата од Бергамо беше домаќин на шпанскиот клуб на 19 февруари на стадионот „Сан Сиро“ во Милано, бидејќи стадионот на Аталанта не ги исполнува условите за играње на натпревари во фудбалската Лига на шампионите. Тоа беше „биолошка бомба“, која придонесе за ширење на вирусот во северот на Италија.

- Таа ноќ, 40.000 жители на Бергамо заминаа во Милано за да ја следат средбата. Тие се мешаа на стадионот. Потоа дојдоа во допир со многумина други дома, со семејство, пријатели, во барови. Јасно е дека тоа беше време на силно ширење на вирусот - рече градоначалникот на Бергамо, Џорџо Гори.

– Првиот пациент во Италија е регистриран на 23 февруари и не знаевме што се случува. Вирусот беше меѓу нас, а ние немавме поим дека 40.000 луѓе на „Сан Сиро“ се заразени. Вирусот се пренесуваше, луѓето доаѓаа во групи и имаше физички контакти – потврди Гори.

Италијанскиот имунолог Фабиано ди Марко, директор на пулмологија во болницата „Папа Џовани XXIII“ во Бергамо, смета дека сè почнало на 19 февруари, токму на тој натпревар.

- Најголемата грешка се случи на 19 февруари, кога повеќе од 40.000 жители на Бергамо беа на „Сан Сиро“ (стадионот на Милан и Интер), на натпреварот меѓу Аталанта и Валенсија, додека останатите жители на Бергамо групно го следеа овој натпревар и потоа славеа до доцните часови. Тоа беше биолошка бомба, за жал - вели италијанскиот лекар.

Во Италија, според најновите информации, има 69.176 заразени и 6.820 починати од коронавирусот. Бергамо е дел од Ломбардија, во моментов најзагрозена област во светот. Бергамо е градот со најголем процент на заразени и починати од коронавирусот.

Фудбалскиот клуб Валенсија на 16 март потврди дека 35 отсто од екипата биле позитивни на ковид-19.

Кратко време по нивното враќање во Шпанија, третина од првиот тим на Валенсија беа позитивни на вирусот. Всушност, првиот познат пациент во Валенсија беше новинарот Енрике Матеу, кој отпатува за Милано за да известува од мечот. Во вторникот, Аталанта го потврди нивниот прв позитивен случај за коронавирусот кај голманот Марко Спортиело.

**Јувентус.**

## Изолацијата на фудбалерите на „старата дама“ заврши




Откако Даниеле Ругани беше позитивен на коронавирусот, а по него позитивни беа и Блез Матуиди и Пауло Дибала, управата на Јувентус одлучи целата екипа да ја прати во самоизолација. Завчера изолацијата за фудбалерите заврши, потврди еден од најискусните во тимот, Леонардо Бонучи, кој исто така открил како фудбалерите се подготвуваа додека беа во карантин.

– Добро сум, но изминатите денови беше навистина тешко. Самоизолацијата заврши денеска, а јас имав среќа и немам никакви симптоми. Секое утро добиваме порака со вежби што треба да ги правиме. Моите тренинзи траат околу три часа и тоа секое попладне – вели Бонучи.

**Шпанија.**

## Фудбалската федерација ќе им помогне на клубовите со заеми

• Претседателот на Шпанската фудбалска федерација (РФЕФ), Луис Рубиалес, изјави дека ќе обезбеди заем на клубови од пониско ниво на локалниот фудбал поради пандемијата од коронавирус, повторувајќи дека се надева оти сезоната ќе биде завршена.

Тој, исто така, на прес-конференцијата за медиумите рече дека сака да разговара со Ла лига, која раководи со првите две дивизии, за помагање на клубовите. Рубиалес рече дека полупрофесионалните и непрофесионалните клубови за мажи и жени, како во затворен простор, така и на отворено, „ќе добијат кредити во вредност од 4 милиони евра во зависност од нивните плати“. Тој додаде дека заемите ќе бидат без камати и може да се вратат во рок од две години.

– Зборуваме за 4 милиони евра за пониските нивоа на шпанскиот фудбал, но има и професионален фудбал кон кој мора да се свртиме. Ако Ла лига сака да разговара, време е да направиме пресметки. Работевме да обезбедиме 500 милиони евра финансии за нив - рече тој.

**Хрватска** Динамо

## Адеми во име на фудбалерите одбил скратување на платите



Македонскиот репрезентативец Аријан Адеми, кој е капитен на Динамо Загреб, на состанок со управата порачал дека фудбалерите не се согласуваат да им се намалат платите. Адеми како капитен имал состанок со спортскиот директор на хрватскиот шампион, Зоран Мамиќ, додека тренерот Ненад Бјелица телефонски разговарал со управата и ја одбиле понудата за намалување на платите. Управата на Динамо одлучила во наредните шест месеци на сите вработени што имаат плата над 7.500 куни да им се скрати една третина.

Според хрватските медиуми, најмалата плата на фудбалерите се движи околу 100.000 евра годишно. Рекордер е тренерот Ненад Бјелица, кој според неофицијални извори има дури 1,5 милиони евра нето годишна плата.

Македонскиот репрезентативец и капитен на екипата Аријан Адеми, според медиумите во Хрватска заработува 600.000 евра годишно, а најдобро платен фудбалер е Марио Гаврановиќ со 800.000 евра.

**Франција.**

## ПСЖ поддржува намалување на платите во Лига 1

• Претседателот на Пари Сен Жермен, Насер Ал-Хелаифи, ја поддржа идејата за намалување на платите на играчите во Лига 1 поради пандемијата од коронавирус. Ова ќе им помогне на клубовите да ги ограничат загубите додека сезоната не продолжи.

ПСЖ најмногу троши на плати во сите клубови во Лига 1. Минатата сезона, парижаните на своите играчи им дадоа надоместок за 371 милион евра. Покрај тоа, 11-те најскапи играчи од шампионатот се од Пари Сен Жермен.

Претседателот на Пари Сен Жермен, Насер Ал-Хелаифи ја поддржа идејата за намалување на платите на играчите во Лига 1 поради пандемијата од коронавирус. Ова ќе им помогне на клубовите да ги ограничат загубите додека сезоната не продолжи. ПСЖ најмногу троши на плати во сите клубови во Лига 1. Минатата сезона, парижаните на своите играчи им дадоа надомест за 371 милиони евра. Покрај тоа, 11-те најскапи играчи од шампионатот се од Пари Сен Жермен.

# Забава

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.



• Испратете ја вашата желба кон звездите и гледајте како универзумот се обединува за да ви ја исполни. Денешниот ден ќе ве натера да поверувате во чуда, затоа што тие ќе се случат во вашиот живот. Ниту небото не е ваша граница доколку доволно силно верувате во себе. Покажете им на сите колку тврдоглаво упорен може да биде еден овен кога има цел пред себе.

**Бик**
21.4 - 20.5.



• Вашата дарежливост и разбирање кон другите ќе ви донесат многу нови контакти, а и потенцијални искрени пријателства. Ако сметате дека некои работни обврски треба да ги одложите, одложете ги – не плашете се дека ќе ја изгубите позицијата. Обидете се да ги разберете потребите на вашиот партнер. Потребна ви е промена на љубовен план, но сè уште не е време да правите нови планови.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.



• Како што есенските лисја паѓаат, така ќе паѓа и вашата сериозна маска и под неа ќе сирка вашето весело лице. Ширете ја среќата околу себе, особено кога во ваша близина има личност што минува низ тежок период. Во некои ситуации не мора ништо да кажете. Доволно е само да се насмеете, па не се трудете секогаш да ги пронајдете најдобрите зборови.

**Рак**
22.6 - 22.7.



• Ќе бидете среќни и задоволни ако ја посветите вашата енергија на пријател на кој сте му многу потребни. Препуштете се на вашата интуиција при извршувањето на работните обврски. Вашиот партнер ќе биде подиректен од вообичаено, нека не ве плаши тоа. Посамоуверени сте од вообичаено, а тоа ќе ви донесе внатрешен мир и одговори на важните животни прашања.

**Лав**
23.7 - 23.8.



• Не дозволувајте другите да ви диктираат кога да се смеете, а кога да бидете тажни. Денес „откачете“ ги вашите емоции од оние на лицата околу вас. Ако некој е полн со негативна енергија, прашајте го дали може да му помогнете, но не мора да сочувствувате со него. Што и да се случува околу вас, гледајте на убавата страна на животот. Само така ќе останете оптимист.

**Девица**
24.8 - 23.9.



• Расположени сте да бидете искрени, но најдобро е да бидете дипломатски настроени и одредени работи да ги премолчите. Критички настроени сте колегите, а тоа може да ви се врати како контра критицизам. Гледајте реалистично на работите и многу полесно ќе можете да ги разрешите љубовните проблеми.

**Вага**
24.9 - 23.10.



• Денес најголемата битка ќе ја водите во себе, а тоа е да научите да бидете потрпеливи. Иако не искажувате надворешно, вие внатрешно собирате лутина која влијае лошо на вашето здравје. Некои Ваги ќе побараат помош од блиска личност, додека други ќе пронајдат активност која ги смирува во моментите на голем стрес.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.



• Посмирени сте и посамоуверени од вообичаено, а тоа значи дека е време да си ги поставите важните животни прашања и да се насочите кон нив. Не двоумете се да преземете повеќе одговорности на работа, вашата посветеност нема да остане незабележана. Тешко ви е да го одвоите социјалниот од приватниот живот, но тоа сепак, морате да го направите.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.



• Денес најмногу ќе сјаете кога зборувате за нештата што ги сакате, бидејќи во вашите очи ќе се крие толку голема страст за каква што другите можат само да сонуваат. Бидете жестоки во говорите и настапите. Кој вели дека треба да бидете внимателни при носењето на секоја одлука? Во периодов кој доаѓа повеќе ќе ве усреќуваат одлуките што ги носите спонтано.

**Јарец**
22.12 - 20.1.



• Држете се до вашите принципи и полесно ќе се соочите со проблемите. Вложете двојно повеќе труд на работа, тоа ќе ви се исплати, а може да ви донесе и потенцијално напредување. Бидете трпеливи и кооперативни со колегите, дипломатијата ќе ви биде најдобар план на работа. Еден телефонски разговор ќе ви донесе промени на љубовен план.

**Водолија**
21.1 - 18.2.



• Денес сите ќе зјапаат во вас, но вие нема да сакате да бидете во центарот на вниманието. Туѓите погледи ќе ве прават нервозни, па внимавајте доколку ви претстои јавен настап или презентација пред голема група луѓе. Некои Водолии ќе се осамат во својот дом и таму ќе го поминат најголемиот дел од денот. Подготвени сте да се конфронтирате со себеси и да донесете правилни заклучоци за нов почеток.

**Риби**
20.2 - 20.3.



• Насоченоста кон целите ќе ви донесе најголемо задоволство денес, бидете упорни и не се откажувајте од она што сте го замислиле. Полни сте со елан, навремено завршете си ги обврските и потоа до крајот на денот релаксирајте се. Изразете ги вашите емоции пред партнерот, не премолчувајте ги. Искреноста со партнерот максимално ќе ви се исплати, не обидувајте се да криете што мислите.

## ВИЦОВИ

**РЕКРЕАЦИЈА**

Првиот ден жената му вели на мажот:

- Миличок, одам во теретана.
- Добро, мила.

Вториот ден жената му вели на мажот:

- Миличок, одам на аеробик.
- Добро, мила.

Третиот ден жената му вели на мажот:

- Миличок, одам на јавање.
- Знам, мила, коњот веќе трипати се јави.



**ПЕКАРНИЦА**

Трпана оди во пекарница со заврзани очи и вели:

- Дајте ми една кифла.

Продавачката ја прашува:

- А, зошто си ставила превез на очите?
- За да не го гледам бурекот!

**ПИВО**

Трпе и Блажо отишле на фудбалски натпревар и се договориле дека ќе пијат пиво секојпат кога некој ќе даде гол. Поминале 90 минути и натпреварот завршил 0:0. Разочаран Трпе му рекол на Блажо:

- Пријателе, ајде ние да гледаме кошарка!

**ПОГОДОК**

Фрлач на копје му вели на клупскиот колега:

- Денеска ќе морам посебно да се потрудам, меѓу публиката седи мојата тешта.

Колегата одговара:

- Колега, тоа е преку 100 метри, тешко дека ќе ја погодиш.

**УПАТСТВО**

Молба од психијатриското здружение.

„Додека сте во изолација и зборувате со своите миленици, цвеќето и мебелот, тоа е нормално. Не треба поради тоа да ни се јавувате. Стручна помош побарајте кога ќе почнат тие да ви одговараат.“

## Деновиве пред години.







**1968.** Починал Јуриј Алексеевич Гагарин, советски космонаут кој на 12 април 1961 за првпат во историјата на човештвото се вивнал во вселената и бил прв човек кој ја прелетал Земјата околу нејзината орбита. По летот што траел 108 минути, тој се спуштил јужно од Саратов. Гагарин загинал во авионска несреќа.

**1977.** Во Санта Круз, на Канарските Острови, во Атлантскиот Океан, се случила една од најтешките авионски несреќи во историјата на цивилното воздухопловство. Во судирот на авионите „џамбо џет“ на Американската авиокомпанија и на Холандското кралско воздухопловство загинаа околу 580 патници.

**1995.** Претседателот на Јужна Африка, Нелсон Мандела, ја исклучил од владата сопругата Вини, со која живеел одвоено поради меѓусебни несогласувања. Бракот судски бил разведен во март 1996 година. Вини Мадикизел Мандела била во брак со Нелсон Мандела од 1958 до 1996 година. Нелсон Мандела поголемиот дел од бракот со Вини го поминал во затвор, а борбата против режимот на апартхејдот и нејзе ѝ донело повеќемесечна затворска казна и години домашен притвор.

**1998.** Умрел германскиот производувач на автомобили Фердинанд Порше, основач на фабриката за спортски возила „Порше АГ“. Во времето на Адолф Хитлер бил еден од конструкторите на „бубата“ („фолксваген“), автомобил произведен за масовна употреба.

**2000.** Владимир Путин победил на претседателските избори во Русија.

## Занимливости.

# „Луј Витон“ распродаде бањарка од 36.500 фунти



• Модната куќа „Луј Витон“ и во времето на пандемијата на коронавирусот не помислува да запре.

„Луј Витон“ го распродаде капутот инспириран од домашна бањарка за 36.500 фунти, што претставува дел од неговата нова колекција за новата сезонска колекција со тема – дом и градина.

И покрај големата цена, и фактот дека е изработен од 100-процентен нерц, се чини дека купувачите не дозволиле пандемијата на коронавирус да влијае врз нивниот апетит за луксузна мода - дури иако никој нема да го види тоа.

Заедно со капутот-бањарка, кој се распродал во секоја големина и за чија изработка се потребни 200 часа, модната куќа продава марама со ист дезен која чини 23.9000 фунти и тематско градинарски чизми за 1.240 фунти, сите дизајнирани од уметничкиот директор Виргил Аблох.

## HBO


ЗЕРО, ЗЕРО, ЗЕРО 20:00

07:30 Универзитет на чудовишта
09:15 Мистерии од крстозборот...
10:45 Играч број 1
13:05 Човек-пајак: Нов свет
15:05 Кесл Рок II, еп. 7-8
2020 Магазин
17:00 Зезање II, еп. 3-4
18:05 Луѓе во црно: Интернационала
20:00 Зеро, зеро, зеро еп. 1
21:00 Фоси/Вердон, еп. 4
21:45 Осумте на Оушн
23:35 Испорака
01:20 Брајтбурн

## HBO 2


ИКС-МАН: МРАЧНИОТ ФЕНИКС 20:25

08:55 Комик Санс
10:40 Заплеткана
12:20 Осум дена, еп. 8
13:05 Силициумска Долина VI
13:40 Ѕвездата е родена
15:55 Американски измамници
18:15 Младиот Шелдон III, еп. 12
18:35 Современо семејство
19:00 Чудесен парк
20:25 ИксМен: Мрачниот феникс
22:20 Али и Кавет: Приказна за снимките
23:55 Калуѓерка
01:30 Рај

## КАЛУЃЕРКА



РЕЖИЈА: Corin Hardy
ДОЛЖИНА: 94 минути I 2018 год.
ЖАНР: Хорор, детективски
УЛОГИ: Bonnie Aarons, Charlotte Hope, Jonas Bloquet, Taissa Farmiga...

Кога една млада калуѓерка се самоубива во Романија, еден свештеник со мрачно минато (Демјан Бичир) и една нова калуѓерка (Тајса Фармига) се испратени од страна на Ватикан да извршат истрага. Тие заедно откриваат една мрачна тајна и ги ризикуваат своите животи, вербата, како и сопствените души кога се соочуваат со мрачната сила на една демонска калуѓерка, а манастирот се претвора во сцена на ужасна битка...

# Избор од ТВ програма - ПЕТОК 27 март 2020



**12:15** МТВ 1
**Бушава азбука**
анимирана серија



**17:50** АЛСАТ М
Прости ми
играна серија




**12:00** КАНАЛ 5
**Фчерашни новости**
хумористична емисија

## МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

09:40 Од А до Ш
10:30 ТВ училница
12:15 Бушава азбука
16:15 Тунел
17:45 Копнеж по вечноста
18:10 Светот на Биби
18:55 Бушава азбука
20:15 Преспав
21:10 Посејдон - филм

## ТЕЛМА
вести 15:30 18:30 21:30

10:35 Автомагазин
11:05 Вин Вин – инфор. програма(р)
12:45 Телма Амбуланта
13:45 90 минути – забавна емисија
16:15 Црвена линија – програма
17:30 Велвет – играна серија премиера
19:15 ЕУРО ФОКУС – емисија
20:35 Топло - ладно – играна серија
22:15 Максимален удар – игран филм

## СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 23:10

10.00 Дива земја - серија
11.20 Македонски стари приказни
12.10 Практична жена
17.00 Брза кујна
17.50 Се или нешто
19.40 Истанбулската невеста - серија
21.00 Другото име на љубовта - серија
22.00 Близнаци - серија
23.35 Полицајци почетници - серија

## КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:45

06:55 Здраво Македонијо
10:00 ВИП сезона рецепти
12:00 Фчерашни новости
18:40 Само вистина!
19:40 Огледало – серија
20:45 Вести - Корона во Македонија
21:00 Забрането јаболко – серија
22:00 Тажна жена – серија
23:00 Бекстејџ

## 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

07.00 Македонија денес
10.15 Фактор Здравје
11.00 Во Тек
16.00 Очи в очи
17.45 Отворено Студио
20.40 Столици
21.05 Женски Рај - серија
22.45 Вип на еден ден
23.20 Женски Рај - серија

## АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

07:00 Документарна програма
08:00 Нов ден
11:15 Со стил
16:40 Попладне
17:25 Бескрајна љубов - серија
17:50 Прости ми – серија
19:45 Држиме за рака - серија
20:45 Мојата керкичка - серија
22:00 360 степени - со В. Попетревски

## HBO


ФАРЕНХАЈТ 21:50

06:00 Враќањето на кучето
07:35 Приказна за играчките 4
09:15 Ноќ во музејот 2
11:30 Луѓе во црно: Интернационала
13:25 Хари Потер и редот...
15:45 Хари Потер и...
18:20 Приказна за играчките 4
20:00 Ритамот на лудилото
21:50 Фаренхајт 451
23:30 Егзорцизмот на Хана Грејс
01:00 Што можеш во Денвер кога си мртов
03:55 Алекс и јас

## HBO 2


ЛОВЕЦ УБИЕЦ 19:00

06:00 Ѕвездата е родена
08:15 Икс-Мен...
10:10 Чудесен парк
11:35 Александар и бескрајно лошиот ден
13:00 Angry Birds, еп. 34
13:15 Четирите пердуви
15:25 Рио 2
17:05 Делфинска приказна
19:00 Ловец убиец
21:00 Мојата генијална другарка
22:00 Заговорот против Америка
23:00 Вестворлд III, еп. 2
00:00 Белото момче Рик

## ПРИКАЗНА ЗА ИГРАЧКИТЕ 4



РЕЖИСЕР: Josh Cooley
ДОЛЖИНА: 96 минути I 2019 год.
ЖАНР: Авантура, анимација
УЛОГИ: Patricia Arquette, Keanu Reeves, Tom Hanks, Tim Allen, Keegan-Michael Key

Вуди отсекогаш бил сигурен околу своето место во светот и дека негов приоритет е да се грижи за своето дете, без разлика дали тоа е Енди или Бони. Па, кога омилената креација на Бони, Форки, се изјаснува себеси како „отпад“, а не играчка, Вуди се обидува да му покаже на Форки зошто треба да се смета себеси за играчка. Но кога Бони го носи целото семејство на семејна екскурзија, Вуди завршува на неочекувано патување што вклучува...

# Избор од ТВ програма - САБОТА 28 март 2020



**22:00** МТВ 1
**Циклус филмови на Милчо Манчевски** - филм



**23:25** ТЕЛМА
**Најдобра понуда**
игран филм



**15:15** АЛСАТ М
**1001 оброк**
емисија за готвење

## МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

07:05 Македонски народни приказни
07:35 Дора истражува
11:15 Светот на Биби
13:25 Убавицата и ѕверот - претстава
14:15 Лего Нинчаго - филм
18:55 Бушава азбука
20:15 Тотална бркотница - филм
22:00 Циклус филмови на Милчо Манчевски - филм

## ТЕЛМА
вести 15:30 18:30 21:30

07:00 90 минути
10:15 Телма Амбуланта
11:05 Незадолжително
12:10 Автомагазин
13:50 Велвет – серија
16:15 Код
19:15 Г- дин Добар – филм
21:00 Бокс
23:25 Најдобра понуда – филм

## СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 23:10

07.00 Јас сакам Македонија
10.30 44 мачиња
11.10 Гарфилд
12.15 Игран филм
14.55 Вајпаут
17.00 Мерак меана
19.45 Сестри - сестри
21.15 Полна месечина - серија
23.30 Игран филм

## КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:45

07:30 Ние и вие
09:30 Македонски приказни
11:30 Втора шанса - серија
14:00 Тажна жена - серија
17:00 Патуваме, сонуваме со Аурора
18:30 Ѕвезекманија
19:20 Ѕвездите на Гранд
20:00 Лото извлекување
23:30 Специјал

## 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

07.00 Народна музика
09.30 Детски фестивал
13.00 Аструрум
14.35 Отворено - емисија
16.15 Ај не замарај - серија
17.45 Во Тек
19.00 Патот до успехот
21.00 Живот со стил
22.30 Женски рај - серија

## АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

07:30 Со стил - емисија
10:45 Highlights - со Берта
11:15 Младите лидери
15:15 1001 оброк
16:35 Огледало на здравјето
17:10 Авто Магазин
17:45 Држиме за рака - серија
19:40 Мојата керкичка - серија
22:00 Скриена камера

## HBO


ЧОВЕК-ПАЈАК:ДАЛЕКУ ОД ДОМА 20:00

| | |
|---|---|
| 06:00 | Казанова |
| 07:55 | Детето кое ќе стане крал |
| 09:55 | Добриот диносаурус |
| 11:30 | Чиракот на волшебникот |
| 13:20 | Хари Потер и даровите на смртта 1 |
| 13:20 | Хари Потер и даровите на смртта 2 |
| 17:55 | Капетанка Марвел |
| 20:00 | Човек-пајак: Далеку од дома |
| 22:10 | Вестворлд III, еп. 2 |
| 23:15 | Оригинален гангстер |
| 01:05 | Оверлорд |
| 03:00 | Вестворлд III, еп. 3 |
| 04:05 | Воени последици |

## HBO 2


ЛОШИ ВРЕМИЊА ВО ЕЛ РОЈАЛ 20:50

| | |
|---|---|
| 06:10 | Кратки филмови од Дизни |
| 06:35 | Маша и Медо, еп. 13-16 |
| 07:10 | Девојките од календарот |
| 09:00 | Делфинска приказна |
| 10:50 | Аквамен |
| 13:10 | Дамбо |
| 14:15 | Доказ |
| 15:55 | Пијани родители |
| 17:35 | Зезање II, еп. 3-4 |
| 18:35 | Чудотворци, еп. 3 |
| 19:00 | Толкин |
| 20:50 | Лоши времиња во Ел Ројал |
| 23:10 | Минатата недела вечерва со Џон Оливер VII, еп. 1 |
| 23:40 | Одржување хај IV, еп. 3 |
| 00:10 | Ноќ за игри |

# Избор од ТВ програма - НЕДЕЛА 29 март 2020

## МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 07:05 | Си било еднаш |
| 08:05 | Напред Диего! |
| 11:30 | Бушава азбука |
| 14:20 | Тунел |
| 17:50 | Неоткриени пејзажи |
| 18:40 | Светот на Биби |
| 20:15 | Агенда 35 |
| 22:00 | Циклус филмови на Милчо Манчевски (Врба) - филм |

## ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

| | |
|---|---|
| 07:00 | Телма Амбуланта |
| 08:00 | 90 минути |
| 11:20 | Градини |
| 12:05 | Велвет - серија |
| 16:15 | Ноќите во Роданте - филм |
| 17:40 | Незадолжително |
| 19:15 | КОД |
| 21:00 | Инспо |
| 22:15 | Затвореници – филм |

## СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

| | |
|---|---|
| 08.05 | Фолк естрада |
| 10.35 | Грижливи мечиња |
| 11.10 | Гарфилд |
| 13.20 | Ролна месечина - серија |
| 16.30 | Детектор |
| 17.00 | Мерак меана |
| 19.45 | Сестри - сестри |
| 21.15 | Полна месечина - серија |
| 23.30 | Игран филм |

## КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

| | |
|---|---|
| 07:30 | Ние и вие |
| 09:30 | Македонска приказни |
| 12:00 | Бразди |
| 13:15 | Забрането јаболко - серија |
| 18:30 | Еден на еден |
| 19:30 | Фчерашни новости |
| 20:00 | Бекстејџ |
| 20:30 | Никогаш не е доцна |
| 22:50 | Специјал |

## 24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 08.00 | Забавна музика |
| 10.00 | Игран Филм |
| 12.35 | Празни музеби |
| 13.00 | Светот на дланка |
| 14.30 | Живот со стил |
| 17.45 | Во Тек |
| 19.00 | Трилинг |
| 20.45 | Флексија |
| 22.30 | Женски Рај - серија |

## АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 10:40 | Highlights - со Берта |
| 11:15 | Младите лидери - детска ем. |
| 15:15 | 1001 оброк - Готвачка ем. |
| 16:35 | Огледало на здравјето |
| 17:15 | Нон стоп |
| 18:35 | Саботажа |
| 17:50 | Шпуза шох |
| 19:40 | Мојата керкичка - серија |
| 22:00 | Надеж - емисија |

## HBO


ВЕСТВОРЛД III 20:00

| | |
|---|---|
| 06:00 | Опаку наопаку |
| 07:35 | Современо семејство XI |
| 07:55 | Младиот Шелдон III, еп. 13 |
| 08:20 | ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ |
| 10:00 | Пингвини |
| 11:20 | Перси Џексон: Море од чудовишта |
| 13:05 | Капетанка Марвел |
| 15:10 | Човек-пајак: Далеку од дома |
| 17:20 | Подивување: Тотален хаос |
| 19:05 | Раскажи ми приказна II |
| 20:00 | Вестворлд III, еп. 3 |
| 21:00 | Ти бркаш! |
| 22:40 | Црна крв |
| 01:15 | Лаги и кражба |

## HBO 2


ИНТЕРВЈУТО 22:00

| | |
|---|---|
| 06:00 | Ромео и Јулија: Повеќе од зборови |
| 07:35 | Алфа |
| 09:10 | Сара Силверман: Ние сме чуда |
| 10:05 | Најдобрите часови |
| 12:05 | Во потрага по Аљаска, еп. 1 |
| 13:30 | Потрагата по Немо |
| 15:10 | Барајќи ја Дори |
| 16:50 | Убавицата и ѕверот |
| 19:00 | Пристаништето II, еп. 1 |
| 19:55 | Аладин |
| 22:00 | Интервјуто |
| 23:50 | Статусот на Бред |
| 01:30 | Ферел излегува на теренот |

# Избор од ТВ програма - ПОНЕДЕЛНИК 30 март 2020

## МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 09:50 | Си било еднаш |
| 10:30 | ТВ училница |
| 12:15 | Бушава азбука |
| 15:25 | Тајните на Арктикот |
| 17:45 | Научен спектар |
| 18:10 | Светот на Биби |
| 18:55 | Бушава азбука |
| 20:45 | Преспав |
| 23:20 | Претстава |

## ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

| | |
|---|---|
| 07:55 | 90 минути |
| 10:50 | Еуро фокус |
| 12:45 | Телма Амбуланта |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Топ Тема |
| 20:35 | Топло – ладно – серија |
| 22:15 | Наркос – серија |
| 23:15 | Змии во авионот – филм |

## СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

| | |
|---|---|
| 06.45 | Ја сакам Македонија |
| 11.20 | Македонски стари приказни |
| 12.10 | Практична жена |
| 17.00 | Брза кујна |
| 17.50 | Се или нешто |
| 19.40 | Истанбулска невеста – серија |
| 21.00 | Другото име на љубовта – серија |
| 22.00 | Близнаци – серија |
| 23.35 | Полицајци почетници – серија |

## КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Ние и вие |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Огледало – серија |
| 20:45 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:00 | Забрането јаболко – серија |
| 22:00 | Тажна жена – серија |
| 23:00 | Бекстејџ |
| 23:30 | Забрането јаболко - серија |

## 24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07.00 | Македонија денес |
| 10.15 | Фактор Здравје |
| 11.00 | Во Тек |
| 15.15 | Столици |
| 16.00 | Очи в очи |
| 17.45 | Отворено Студио |
| 20.40 | Столици |
| 22.45 | Патот до успехот |
| 23.20 | Женски Рај - серија |

## АЛСАТ М

| | |
|---|---|
| 07:00 | Документарна програма |
| 08:00 | Нов ден |
